Wilfried Martens Centre for European Studies

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

# Кинеското влијание врз процесот на пристапување на Западен Балкан во ЕУ: синергии и пречки

Ана Крстиновска, Бледар Фета,
Александра Станковиќ, Сенада Шело Шабиќ,
Александра Д. Спасовска, Момчило Радуловиќ



Estima
Knowledge Excellence.

www.kas.de

# Кинеското влијание врз процесот на пристапување на Западен Балкан во ЕУ:

## синергии и пречки

Ана Крстиновска, Бледар Фета,
Александра Станковиќ, Сенада Шело Шабиќ,
Александра Д. Спасовска, Момчило Радуловиќ

Estima
Knowledge Excellence.

## Импресум

**Наслов**
Кинеското влијание врз процесот на пристапување на Западен Балкан во ЕУ: синергии и пречки

**Издавачи**
Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија
Центар за европски студии Вилфрид Мартенс
Здружение за развој на стратегии, истражување, едукација и промоција на меѓународни вредности ЕСТИМА

**Автори**
д-р Ана Крстиновска
Бледар Фета
Александра Станковиќ
Сенада Шело Шабиќ
Александра Давитковска-Спасовска
Момчило Радуловиќ

**Координација**
Даниел Браун
Даниела Поповска

**Превод од англиски јазик**
Сања Фурнаџиска Адамс

**Јазична редакција**
Билјана Ангелевски

**Графичка подготовка и печат**
Винсент Графика

**Тираж**
45

**Публикацијата може да биде бесплатно симната на следните линкови**
https://www.kas.de/en/web/nordmazedonien/publications
https://www.martenscentre.eu/publication/
https://estima.mk/publications

**Напомена**
Публикацијата е заеднички проект на Фондацијата Конрад Аденауер и Центарот за европски студии Вилфрид Мартенс. Проектот е реализиран и со финансиска поддршка на Европскиот парламент. Фондацијата Конрад Аденауер и Центарот за европски студии Вилфрид Мартенс не сносат одговорност за фактите и ставовите изнесени во публикацијата. Тие претставуваат лични гледишта на авторот.
Оваа публикација служи само за информативни цели. Таа не смее да се употребува во рамки на изборни кампањи.

**Скопје, 2023 год.**

# Содржина


**1. Резиме ..... 7**

**2. Вовед ..... 9**

2.1. Образложение ..... **9**
2.2. План и методологија на истражувањето ..... **10**

**3. Темелите на прво место: владеење на правото, демократија, добро владеење и човекови права.... 12**

**4. Внатрешен пазар: Економски придобивки и потенцијални ризици ..... 17**

**5. Конкурентност и инклузивен раст ..... 22**

5.1. Потенцијални ризици поврзани со кинески компании и банки ..... **22**
5.2. Области во исклучива надлежност на земјите пристапнички ..... **23**

**6. Зелена агенда и одржлива поврзаност ..... 27**

**7. Ресурси, земјоделство и кохезија ..... 30**

**8. Надворешни односи ..... 32**

**9. Заклучоци ..... 34**

**10. Препораки за политиките ..... 41**

**11. Референци ..... 43**

# Резиме

Оваа студија го анализира влијанието од присуството и активностите на Кина врз процесот на интеграција на Западен Балкан во Европската Унија (ЕУ). Од Самитот во Солун во 2003 година, само Хрватска успеа да ѝ се приклучи на ЕУ, додека другите земји од регионот останаа кандидати за членство, со мали изгледи да станат членки до 2030 година. Истражувањето анализира како кинескиот пристап влијае на конкретни резултати, истовремено поддржувајќи и поткопувајќи го процесот на пристапување во ЕУ, поглавје по поглавје. Исто така, ги истражува причините за таквите резултати, вклучувајќи го кинескиот пристап, домашното постапување и геополитичките фактори. Целта е да се направи сеопфатна и меѓудржавна анализа на кинеското влијание во регионот и да се идентификуваат областите каде што земјите од Западен Балкан можат да ги елиминираат или минимизираат негативните последици или да ги искористат потенцијалните синергии, сè со цел да се разбере меѓусебното влијание помеѓу пристапот на Кина и процесот на интеграција на Западен Балкан во ЕУ.

Во кластерот „Темели“, во кој се опфатени, меѓу другото, владеење на правото, демократија, добро владеење, безбедност и човекови права, пристапот на Кина честопати е спротивен на условите за пристапување во ЕУ. Инфраструктурните проекти финансирани од кинеските банки понекогаш ги заобиколуваат националните закони за јавни набавки, фаворизирајќи ги кинеските компании. Во поглавјето 23 (Правосудство и основни права), инспекциските служби и судските органи не успеваат соодветно да ја истражат и санкционираат неусогласеноста од страна на кинеските компании. Во поглавјето 24 (Правда, слобода и безбедност), соработката со Кина во безбедноста е ограничена во повеќето земји, освен во Србија, каде што беа организирани заеднички полициски патроли со кинеските органи на редот. Потенцијалните економски можности од кинеските туристи и инвеститори влијаеја врз визните политики што доведе до назадување во усогласувањето со ЕУ. Севкупно, кинеското присуство на Западен Балкан претставува предизвик за напорите на регионот да се придржува до вредностите и стандардите на ЕУ во оваа област.

Во делот посветен на внатрешниот пазар се анализираат економските придобивки и потенцијалните ризици поврзани со слободното движење на стоки, работници, услуги и капитал. Европскиот единствен пазар, кој опфаќа две третини од *acquis communautaire* на ЕУ, овозможува пристап до над 400 милиони потрошувачи и разни стоки и услуги по конкурентни цени. Соработката со Кина во трговијата, инвестициските и инфраструктурни проекти има свои предности, како пониски цени за потрошувачите и можностите за локалните компании. Сепак, истата предизвикува и загриженост за квалитетот и безбедноста на кинескиот увоз, потенцијалната експлоатација на работниците, нарушувањето на конкуренцијата и заобиколувањето на прописите за државна помош. Некои земји, како Србија, нудат посебни придобивки за кинеските компании, иако овие практики ќе треба да се усогласат со европските стандардите ако земјата сака да влезе во ЕУ.

Кластерот поврзан со конкурентноста и инклузивниот раст опфаќа различни сектори, од кои некои спаѓаат во области од ексклузивна надлежност на националните институции и не се директно поврзани со европското законодавство и неговите барања. Во него се разгледуваат потенцијалните ризици поврзани со работењето на кинеските субјекти, особено во критични сектори како технологијата, медиумите и телекомуникациите. Хуавеј, што своевремено беше главен партнер во телекомуникациските проекти во регионот, се соочи со предизвици и ограничувања поради безбедносни и геополитички прашања. Кинеските заеми за големи инфраструктурни проекти придонесоа за зголемување на нивото на јавниот долг во некои земји, при што Црна Гора е најистакнат пример за тоа. Се јави загриженост и за одржливоста на долгот и следствено на тоа, потенцијалот за кинеско

влијание врз надворешната политика на земјите.

Во однос на научната соработка, пред пандемијата имаше интензивна соработка со повеќето земји од Западен Балкан, при што Кина обезбедуваше средства за заеднички истражувачки проекти, опрема и мобилност. Слично на тоа, соработката во образованието и културата ја одразува амбицијата на Кина да ја унапреди својата мека моќ. Кинескиот совет за стипендии (КСС) обезбедува средства за студирање во Кина за студенти од регионот, а институтите „Конфуциј" се присутни во сите земји и го промовираат кинескиот јазик и култура. Кина, исто така, започна да ги поддржува пријателските здруженија и граѓанските организации за унапредување на билатералната соработка, кинескиот развоен модел и иницијативата „Појас и пат". Сепак, зависноста од кинеското финансирање и недостатокот на домашна истражувачка активност за кинеските студии предизвикуваат загриженост за независноста и одржливоста на овие иницијативи. Во областа на медиумите, Кина користи различни стратегии за да влијае врз наративите, како присуство на кинески државни медиуми, соработка со локални медиуми и придобивање на локални новинари. Иако слободата на медиумите не е загрозена, изразена е загриженост за порастот на кинеската пропаганда која ги обликува перцепциите на јавноста во регионот.

Во полето на зелена агенда и одржлива поврзаност, студијата го нагласува ангажманот на кинеските компании во проекти за патна и железничка инфраструктура во регионот, при што Србија е главниот корисник. Иако кинескиот капитал има потенцијал да го зајакнат инфраструктурниот развој и економската конвергенција со ЕУ, а исто така до одреден степен да се усогласат со приоритетите на ЕУ за регионот и Транснационалните европски мрежи, останува загриженоста за начинот на спроведување на проектите финансирани од Кина и придржувањето до еколошките стандарди. Во енергетскиот сектор, Кина покажа интерес и за проекти со јаглен и за проекти со обновливи извори на енергија. Одреден број инфраструктурни проекти и директни инвестиции во регионот беа обележани поради небрежност кон животната средина и непридржување кон еколошките стандарди.

Во делот што се однесува на ресурси, земјоделство и кохезија се зборува за напорите на регионот за зголемување на извозот на земјоделски производи во Кина, како и за поврзаните предизвици како бирократијата, нетарифните бариери и производствениот капацитет, кои се пречка за позначаен напредок. Земјоделскиот извоз од сите земји во Кина останува ограничен, со забележителен трговски дисбаланс бидејќи земјите главно увезуваат кинески производи. Дополнително, во Албанија имаше загриженост поради увозот на кинески производи од риба, поради нивното потекло кое понекогаш е претставено на начин да ги доведе потрошувачите во заблуда, како и стандардите за безбедност и квалитет, поради недостатокот на внатрешни прописи во оваа област. Развојната соработка ги следи кинеските правила, но домашните приоритети играат значајна улога во донесувањето одлуки, при што националните власти го водат распределувањето на развојната помош и инвестициите.

Во однос на кластерот за надворешни односи, политиките на земјите од Западен Балкан кон Кина варираат врз основа на фактори како што се членството во НАТО и косовското прашање. Србија има сеопфатно стратешко партнерство со Кина, ги брани нејзините интереси на меѓународно ниво и добива економски придобивки. Албанија, членка на НАТО со стратешки врски со САД, има повнимателен пристап кон Кина и ограничена стратешка соработка. Другите земји, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Северна Македонија, се наоѓаат помеѓу овие две точки на континуумот. Членките на НАТО се целосно усогласени со заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ. Иако сите земји имаат билатерални договори за инвестиции со Кина, а Србија преговара за договор за слободна трговија, стана неопходно да се усогласат со регулативите за надворешна политика, трговија и инвестиции на ЕУ, особено во контекст на променливите односи на ЕУ со Кина и војната во Украина.

За разлика од другите европски земји, Западен Балкан (со исклучок на Косово) не разви поблиски врски со Тајван и ја почитува на политиката на „една Кина". Во однос на воениот и одбранбениот сектор, сојузниците на НАТО немаа никаква соработка со Кина во последниве години, додека Босна и Херцеговина и Србија развија одредени воени врски, како донации и набавка на кинеска воена опрема.

# Вовед

## Образложение

Уште од распадот на Југославија и падот на комунизмот во Албанија, највисоката надворешнополитичка цел на сите земји од Западен Балкан е да станат членки на ЕУ. Дваесет години по историскиот самит во Солун[1] од 2003 година, кога се зацрта европската перспектива за регионот и во јавните политики и во свеста кај луѓето, само Хрватска успеа да влезе во ЕУ, додека останатите земји се чини дека се заглавени во чекалната како кандидати за членство. За сите нив, преминот од една во друга фаза во пристапниот процес напредува бавно и заостанува зад очекувањата на граѓаните од Западен Балкан. Уште во 2015 година, речиси половина од нив веруваа дека нивните земји ќе ѝ се приклучат на ЕУ до 2025 година,[2] цел која очигледно повеќе не е остварлива.

Актуелната состојба со евроинтеграцијата на Западен Балкан остава простор како за песимизам, така и за оптимизам. Од една страна, Црна Гора и Србија се во преговарачки процес веќе една деценија, што е повеќе од просечното време што им беше потребно на земјите примени во претходните рунди на проширување за да го завршат процесот на пристапување. Сепак, тие се далеку од добивање на датум за приклучување во блокот: Црна Гора ги отвори сите поглавја, а затвори само три, додека Србија отвори дваесет и две од триесет и петте поглавја и затвори само две.[3] Албанија е на пат да го заврши билатералниот скрининг и официјално да ги отвори поглавјата 23 и 24 до крајот на годината (2023). Дали Северна Македонија ќе напредува на ист начин или не, зависи од уставните измени што треба да ги направи, кои беа побарани од Бугарија и станаа дел од преговарачката рамка, како и од понатамошните случувања во нивниот билатерален спор. Босна и Херцеговина аплицираше за членство во 2016 година и доби кандидатски статус дури на крајот на 2022 година.[4]

*Самит ЕУ - Западен Балкан*
*(Фотографија: Аднан Беци)*



Главните причини за сегашниот застој, односно заморот од „проширувањето" кај ЕУ и „реформскиот" замор кај Западен Балкан, се веќе опсежно разгледани на друго место и нема да бидат предмет на овој труд. Оваа студија анализира едно посебно влијание врз евроинтегративниот процес на регионот: присуството и активностите на Кина во секоја од петте горенаведени земји. Оваа тема е особено актуелна како на домашно (западнобалканско) ниво, така и на глобално ниво од повеќе причини.

Прво, присуството на Кина во регионот се интензивираше во изминатата деценија бидејќи сите земји од Западен Балкан се приклучија на платформата за соработка Кина – Централна и Источна Европа во 2012 година и иницијативата „Појас и пат" (ПиП). Резултатите од соработката се покажаа доста различни во различни земји: Србија изгради „челично пријателство"

со Кина,[5] видливо преку голем број конкретни проекти, инвестиции и позитивни перцепции во јавноста, додека пак, албанските лидери покажуваат огромен скептицизам во врска со економските придобивки за нивната земја.[6] Ситуацијата и позициите на другите три земји се некаде помеѓу овие две крајности.

Второ, соработката Кина-ЦИЕ се сметаше за „тројански коњ“ во Европа, обид да се поткопа стратегијата на ЕУ за Кина и нејзината способност да зборува во еден глас.[7] Кога станува збор за Западен Балкан, подрегионот во соработката Кина-ЦИЕ составен од земји кои не се членки на ЕУ, тоа значеше дека поблиската соработка со Кина може да ги направи помалку усогласени со заедничките позиции на ЕУ и рестриктивните мерки кон Кина. Оваа хипотеза беше ставена на тест во март 2021 година, кога ЕУ воведе санкции против четворица кинески функционери поради повреда на човековите права во Синџијанг, прв таков потег по острите мерки поради случувањата на плоштадот Тјенанмен во 1989 година.[8]

Трето, во повеќе научни статии е изразена загриженост поради различните начини на кои присуството на Кина на Западен Балкан потенцијално може да ја поткопа посветеноста на регионот да се придружува до европските вредности, како што се владеењето на правото, доброто владеење, животната средина, слободните медиуми итн. Четврто, глобалната поларизација поттикната од влошените односи меѓу Кина и САД, ЕУ и другите развиени земји, и влошена поради руската агресија во Украина, дополнително ги комплицира позициите на земјите од Западен Балкан. Додека некои од нив, особено членките на НАТО, како што се Албанија, Северна Македонија и Црна Гора, се чини дека прават тежок, но очигледен избор да застанат на страната на своите западни партнери, Босна и Херцеговина (особено Република Српска) и Србија продолжуваат високо да го ценат својот однос со Кина (и Русија).[9] Реалните тенденции на поларизација се отсликани во научната литература, при што се јавува нова европска верзија на „теоријата за Кина како закана“ заедно со повици за понатамошна соработка со Кина.[10]

Локалните политичари, исто така, играа на кинеската карта за да ја убедат ЕУ дека е време да преземе порешителни активности за да го забрза проширувањето и да не дозволи кинеското (и руското) влијание да се прошири на Западен Балкан.[11] Од друга страна, Кина внимава да не ги потхранува тврдењата дека сака да го оддалечи Западен Балкан од ЕУ. ЕУ беше поканета како набљудувач во платформата за соработка Кина-ЦИЕ и кинеските амбасади во регионот постојано ја изразуваат својата поддршка за евроинтеграцијата на земјите од Западен Балкан.[12]

## План и методологија на истражувањето

Во контекст на горенаведеното, оваа студија претставува обид да се направи меѓудржавна, сеопфатна и темелна проценка на соодност помеѓу присуството и активностите на Кина на Западен Балкан и обврските и заложбите на регионот во процесот на пристапување кон ЕУ, поглавје по поглавје. Целта е да се испита кинескиот пристап, кој понекогаш го поткопува евроинтегративниот процес, поглавјата за пристапување каде што Западен Балкан треба да биде повнимателен за да избегне потенцијални стапици како резултат на соработката со Кина, но и поглавјата каде што кинеското присуство е усогласено или има потенцијал да ги поддржи напорите на земјите за пристапување во ЕУ.

Главните истражувачки прашања на кои оваа студија дава одговор се: во кои преговарачки поглавја може да се почувствува кинеското присуство и да се поврзе со пристапувањето во ЕУ? Во кои поглавја кинеските активности вршат влијание што е спротивно на усогласувањето со *acquis communautaire* на ЕУ или практичната имплементација на усогласеното (национално) законодавство? Кои се главните причини за тој исход – дали поради пристапот на Кина, домашното постапување или геополитичките фактори? Како може да се елими-

нираат или барем минимизираат негативните последици од кинеското присуство? Во кои поглавја кинеското влијание би можело да биде корисно за евроинтеграцијата на земјите?

За да се даде одговор на овие прашања, а притоа да се направи анализа и споредба меѓу земјите, развивме матрица заснована на поглавјата и подрајчата (потпоглавја) и клучните аспекти на европското *acquis communautaire* во секое поглавје и подрачје. Матрицата содржеше опис на темите и целите опфатени во секое поглавје, клучни прашања на кои треба да се одговори за да се увиди влијанието на Кина, конкретни примери, референци и завршна проценка на кинеското влијание во секое поглавје (позитивно, негативно, мешано – позитивно и негативно, неутрално или „нема поврзаност со кинеското присуство“).

Локалните истражувачи ги консултираа и примарните и секундарните податоци, а потоа ја пополнија матрицата. Конкретно, тие користеа постоечки статистички бази на податоци, официјални изјави и документи, медиумски написи, како и податоци и анализи од претходна научна литература. Во некои случаи каде што немаше јавно достапни податоци, истражувачите користеа барања за слободен пристап до информации, неофицијална комуникација и интервјуа со релевантните засегнати страни кои се анонимизирани и кодирани со цел заштита на личните податоци. Откако беше завршена матрицата, ги анализиравме собраните податоци за да изготвиме компаративен, меѓудржавен и меѓусекторски извештај, со извлекување на општи заклучоци секогаш кога е можно, идентификување на модели и тенденции и евидентирање на забележителни исклучоци.

Анализата ја следи класификацијата и структурата по кластери на новата методологија за проширување донесена во 2020 година, групирајќи ги поглавјата во шест кластери: темели; внатрешен пазар; конкурентност и инклузивен раст; зелена агенда и одржливо поврзување; ресурси, земјоделство и кохезија, и надворешни односи.[13] Во одредени случаи, направено е мало реорганизирање, поделба или синтетизирање низ кластери и поглавја за да се избегнат повторувања или да се соединат поврзаните аспекти за да се обезбеди јасност и кохерентност.

# Темелите на прво место: владеење на правото, демократија, добро владеење и човекови права

Кластерот „Темели“ ги содржи поглавјата кои претставуваат столб на процесот на пристапување, односно суштинските вредности кои се во основата на демократските општества. Поглавјата 23 и 24, кои се централни во овој кластер, се отвораат први и се затвораат последни во процесот на преговори. Подготвеноста за членство во оваа област во голема мера оди подалеку од техничкото транспонирање на европското законодавство и се потпира на член 2 од Договорот за Европската Унија во кој е предвидено дека: „*Унијата е заснована на вредностите на почитување на човековото достоинство, слободата, демократијата, еднаквоста, владеењето на правото и почитувањето на човековите права, вклучувајќи ги и правата на лицата кои припаѓаат на малцинствата. Овие вредности се заеднички за земјите членки во општество во кое преовладуваат плурализмот, недискриминацијата, толеранцијата, правдата, солидарноста и еднаквоста меѓу жените и мажите.*“

Во исто време, ова е област со најдлабоки разлики помеѓу ЕУ и земјите аспиранти од една страна и Кина од друга страна, кои се вкоренети во нивните инхерентно различни концепции за основите на политичкиот поредок и улогата на државата. Различните традиции на управување, историските искуства и филозофските размислувања доведоа до различно разбирање на овие фундаментални концепти во Кина и во Европа, до степен каде што активностите на ЕУ и Кина на Западен Балкан понекогаш доведуваат до крајно спротивни исходи. Иако основниот принцип на надворешната политика на Кина е немешање во внатрешните работи на другите земји, нејзините бизнис активности и занемарувањето на основните демократски вредности во пристапот често ги поткопуваат целите на кластерот „Темели“ како што се дефинирани со барањата за пристапување во ЕУ. Ова особено доаѓа до израз во поглавјето 23 „Правосудство и основни права“, каде многу директни инвестиции и инфраструктурни проекти финансирани од Кина се спроведуваат непочитувајќи ги стандардите за добро владеење и владеење на правото.

### *Поглавје 5: Правните обврски кои произлегуваат од националното законодавство за јавни набавки и неговото усогласување со законодавството на ЕУ понекогаш се заобиколуваат, фаворизирајќи ги кинеските компании*

Еден од највидливите аспекти на кинеското присуство на Западен Балкан е спроведувањето на големи инфраструктурни проекти кои се изградени и често финансирани од кинески субјекти. Вкупниот износ на проекти финансирани преку заеми само од кинеската Експорт-Импорт банка (Chinese Export-Import Bank) надминува 14 милијарди евра во периодот 2000-2021 година и овој износ е надополнет со грантови и финансирање од кинеските комерцијални банки.[14] Проектите кои се само изградени од кинески изведувачи се придржуваат до правилата на заемодавачот или донаторот, обично европските банки како што се ЕИБ или ЕБОР, во однос на тендерирањето и имплементацијата. Проектите финансирани со кинески заеми ги следат одредбите на билатералните договори во сила, насоките на кинескиот заемодавач и договорните обврски потпишани помеѓу владата и кинескиот изведувач. За целите на тие проекти, па дури и некои проекти финансирани од националните буџети и доделени на кинески компании, владите во регионот покажаа подготвеност да ги заобиколат националните закони во областа на јавните набавки и да направат дополнителни отстапки во корист на кинеската страна.

Конкретно, Владата и Парламентот на Србија, земјата со најголемиот дел од колачот (две третини) на кинески заеми и договори доделени на кинески проекти, воведе низа законски мерки и процедури за забрзување на кинеските проекти и протуркување на оние со сомнително влијание врз животната средина. Иако ослободувањата што се однесуваат на соработката со Кина во овој поглед се поврзуваат со билатералниот договор потпишан во 2009 година (со неговите три анекси),[15] два неодамнешни закони дополнително ги прошируваат привилегиите: Законот за јавни набавки, донесен во 2019 година, и Законот за посебни постапки, донесен во 2020 година.

Законот за јавни набавки беше предмет на анализа од страна на меѓународни експерти, кои ги истакнаа неговите недостатоци во споредба со претходните регулативи. Беше изразена загриженост поради намалената транспарентност, зголемените прагови на трошоци за јавни набавки, зголемената дискреција при доделувањето на договорите и потенцијалот за злоупотреба на преговарачката постапка. Севкупно, се смета дека овој закон има негативно влијание врз прописите кои се однесуваат на заштитата на животната средина, пристапот до информации од јавен карактер и лојалната конкуренција.[16]

Законот за посебни постапки се однесува на спроведувањето на проекти од посебно значење за Република Србија и нејзините национални интереси. Сепак, недостасува јасна дефиниција за тоа што претставува „посебно значење“ или „национален интерес“ и ѝ овозможува на владата да ги означи инфраструктурните проекти како итни, со што се заобиколуваат предвидените процедури за јавни набавки.[17] Наместо тоа, овие проекти подлежат на посебни процедури и се оправдани преку стратешките партнерства од исклучително значење за Република Србија, како она со Кина. Во рамките на овој закон, владата го започна процесот на изградба на автопатот Белград-Зрењанин без јавен тендер и го додели договорот на Шандонг Хај-Спид (Shandong High Speed).

Слично на тоа, во 2013 година, Црна Гора и Кина потпишаа рамковен договор за инфраструктурна соработка кој предвидува дека двете страни ќе ја стават меѓусебната соработка на прво место во случаи на отворени или ограничени тендери или директни преговори за инфраструктурни проекти што подлежат на националното законодавство.[18] Договорот во првичната верзија се однесуваше само на концесии и беше изменет во 2014 година за да го опфати и автопатот Бар – Бољаре.[19]

Со Црна Гора и Северна Македонија, беа склучени два контроверзни договори за изградба на автопатишта во поедноставени постапки. Во Црна Гора, беше распишан јавен повик за изразување интерес, а во Северна Македонија имаше повик за понуди испратен до кинески компании однапред избрани од кинеската влада како потенцијални изведувачи. Договорите и државните гаранции за заемите потоа беа одобрени од националните парламенти. Постојат и други важни сличности во двата проекта: националните влади ги сметаа за проекти од стратешко значење, меѓународните финансиски институции ги оценија како економски и финансиски неодржливи, а потоа западните финансиери одбија да ги финансираат, оставајќи ја Кина како единствен извор на финансирање. И во двата случаи изведбата беше многу проблематична, со пречекорување на трошоците и значителни доцнења поради лошо планирање и квалитет на документацијата. Згора на тоа, никогаш не беше објавен значаен дел од договорите и проектната документација, и покрај редовните барања на локалните граѓански организации и новинари, сеејќи сомнеж за потенцијални неправилности, неправилна употреба, па дури и злоупотреба на средствата.

Сличен е и случајот со Босна и Херцеговина, со одреден број таинствени договори[20] потпишани помеѓу властите на Република Српска и кинеските компании за автопатите Бања Лука-Приедор Нови Град, Бања Лука-Млиниште, Брчко-Биелина и Вукосавље-Брчко. Албанија е единствената земја која нема реализирано ниеден инфраструктурен проект со кинески заеми во рамките на ПиП или соработката Кина-ЦИЕ.

***Поглавје 23: Инспекциските служби и судските органи честопати не успеваат правилно да ја истражат и санкционираат неусогласеноста од кинеските компании***

Во Албанија, најголемата кинеска директна инвестиција на Геоџејд (GeoJade) во Банкерс Петролеум (Bankers' Petroleum) доживеа бројни контроверзии и спорови. Компанијата беше обвинета од локалните земјоделци за загадување на земјиштето околу областа на работење (види поглавје 27); од вработените за дискриминација и коруптивни практики меѓу високи претставници;[21] од локалните рафинерии за нарушување на конкуренцијата (види поглавје 8). Сепак, за ниту еден од овие случаи не е забележана сериозна интервенција од локалните власти за барање одговорност од Банкерс Петролеум. Повеќето од управните и судските постапки завршија поволно за Банкерс Петролеум, а некои од нив дури и беа отфрлени на процедурална основа без соодветна истрага, и покрај тежината на наводите.[22] Од две изречени глоби, една (од Царинската управа) беше одложена од страна на Министерството за финансии, а другата (од Управата за конкуренција) беше оценета како премногу ниска во износот за да спречи понатамошно незаконско однесување. Слично на тоа, во случајот на Црна Гора, глобата изречена на Кинеската корпорација за патишта и мостови (ЦРБЦ), кинеската компанија што го гради автопатот Бар-Бољаре, поради штетата врз животната средина што локалните активисти ја проценија како непоправлива, изнесува само 20.000 евра.[23]

Ситуацијата е многу слична во Србија каде што и покрај отсуството на судски постапки и судски разврски, недостатокот на транспарентност и непочитувањето на соодветните процедури создадоа простор за корупција и го поткопаа владеењето на правото. Надлежните органи честопати не се ни трудат да спроведат теренски истраги и инспекции или даваат само „козметички“ решенија, и покрај тоа што добиле 200 поплаки против кинеските компании поради прекршување на еколошки, трудови или имотни права.[24] Помеѓу најконтроверзните активности се прекумерната експлоатација на рудниците за бакар во Бор од страна на Ѕиџин Мајнинг (Zijin Mining), ужасните услови на виетнамските работници ангажирани за изградба на фабриката Линлонг (Linglong) во Зрењанин или загриженоста за јавното здравје во Смедерево поради работењето на железарницата во сопственост на Хестил (Hesteel). Во ретките предмети што беа прифатени и процесуирани од надлежните судски органи, беа потврдени прекршоци, како што се одобрување на проценки на влијанието врз животната средина и проценки на социјалното влијание или градежни дозволи врз основа на нецелосни податоци или документација.

Во Северна Македонија, исто така имаше наводи дека најголемиот проект финансиран од Кина за изградба на две автопатски делници доведе до прекршувања на еколошките норми, стандардите за здравје и безбедност при работа, кои сепак поминаа без соодветна истрага.[25] Исто така, во Босна и Херцеговина инспекциите генерално не вршат контрола во кинеските компании, и покрај повеќемилионската вредност на договорите што ги спроведуваат и самите проектни ризици.[26] Покрај тоа, ниту обвинителството не ја истражи потенцијалната корупција поврзана со такви големи инфраструктурни проекти, и покрај наводите на истражувачките новинари и активисти.[27] Единствен исклучок е Северна Македонија каде што имаше обвинение против високи владини функционери кои наводно доби-

*Автопат Бар-Бољаре, Црна Гора*
*(Извор: Balkan Insight)*



ле мито за доделување на договорот за автопат на Синохидро (Sinohydro). Случајот, сепак, беше отфрлен од надлежен суд во 2019 година поради застареност.

Во случајот со изградбата на автопатот Бар-Бољаре во Црна Гора, сè уште се во тек две судски постапки против ЦРБЦ. Во првата, поведена од граѓанската организација МАНС (MANS) поради нелегално работење и ископувања на реката Тара што предизвикаа еколошка штета, првостепениот суд во Колашин веќе отфрли голем број кривични пријави.[28] Во втората постапка, поведена од здружението на рибари поради губење на биодиверзитетот и приходите од риболов, првостепениот суд донесе првична пресуда која предвидува дека ЦРБЦ треба да плати отштета во износ од 200.000 евра, а истата подоцна беше поништена од повисокиот суд.[29]

### *Поглавје 23: Мрежите на клиентелизам и фаворитизам му оставаат простор на кинеското влијание во политиката и донесувањето одлуки, похранувајќи ја загриженоста за корупција*

Во регион како Западен Балкан, каде што корупцијата е широко распространета појава, а универзално применетото владеење на правото се чини далечна цел, Кина се обиде да развие добри односи со јавни функционери од разни политички линии за унапредување на заедничките интереси. Во случајот на Кина, тоа се деловните интереси на кинеските компании и банки, а во случајот на домашните чинители, честопати се работи за деловните интереси на поединци и компании блиски до владејачките елити.

Најзначаен пример е „челичното пријателство“ меѓу Кина и Србија, кое во голема мера напредуваше поради блиските односи на претседателот Вучиќ и неговата придружба со Кина. Во Црна Гора, договорот за автопатска делница од милијарда долари го потпиша владата предводена од партијата ДПС на поранешниот претседател Мило Ѓукановиќ. Компанијата на синот на Ѓукановиќ, Бемакс (Bemaks), учествуваше во конзорциумот предводен од кинеската Донгфанг Електрик (Dongfang Electric) за спроведување на еколошка реконструкција на електраната на јаглен во Плевља.[30] Во Република Српска во Босна и Херцеговина, кинеските компании (покрај турските) се чини дека се преферирани партнер за речиси сите големи инфраструктурни проекти, во договори кои обично се склучуваат без отворена и конкурентна постапка и не се достапни за јавноста.[31]

Нема докази дека Кина се обидела да влијае на изборите во земјите од Западен Балкан, ниту дека има идеолошка мотивација зад нејзината соработка со политичките чинители. Наместо тоа, Кина настојува да одржува отворени и конструктивни односи со сите политички партии и главната мотивација се чини дека е подготвеноста да одговори на деловните интереси и да ја унапреди билатералната соработка. Во Северна Македонија, централно-десничарската влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ го потпиша контроверзниот договор за изградба на т.н. „кинески автопати“ во 2013 година. Потоа, централно-левичарската влада предводена од СДСМ, која дојде на власт во 2017 година, имаше оправдување и можност, но не го раскина договорот. Наместо тоа, потпиша дополнителен анекс во вредност од речиси 200 милиони евра за покривање на пречекорувањата на трошоците и одобри продолжување на роковите.[32]

Во Албанија, некои локални активисти сметаат дека централно-левичарската влада на премиерот Еди Рама премногу ја поддржува кинеската компанија Евербрајт (Everbright), првично помагајќи ѝ да ја добие концесијата над меѓународниот аеродром во Тирана со селективно давање информации на другите понудувачи, а потоа со „простување“ на долгот на компанијата од 84 милиони евра кон националниот буџет по основ на данок на добивка.[33] Ова е во согласност со кинескиот пристап што веќе е документиран во голем број земји низ светот, односно им се додворува на актуелни и поранешни функционери со патувања, подароци и други услуги во замена за пристап до политики и донесување одлуки.

### *Поглавје 24: Вагата помеѓу безбедноста и човековите права натежнува кон заштитата на човековите права*

Соработката со Кина во областа на безбедноста е доста ограничена во повеќето земји во регионот. Постои широко распространета свесност, особено меѓу членките на НАТО, дека соработката со Кина во оваа област може да донесе ризици. Исклучок е Србија, која организираше заеднички полициски патроли со кинеските органи на редот, наводно, за кинеските туристи да се чувствуваат побезбедно во Србија. Сепак, некои истражувачи го толкуваа изборот на градовите како показател дека примарната цел била обезбедување заштита за кинеските компании, особено во Смедерево и Нови Сад, каде што бројот на туристи е прилично ограничен, но има значајни кинески инвестиции.[34]

Покрај тоа, српската влада отиде чекор понатаму во соработката со Хуавеј во областа на информатичката инфраструктура, бидејќи на кинеската компанија ѝ ја довери задачата да развие концепт за паметен град за главниот град, Белград. Наведувајќи дека целта е да се зајакне јавната безбедност и сигурност, во 2019 година српските власти купија и инсталираа над 8.000 улични камери на Хуавеј кои поддржуваат препознавање на лицето. Употребата на оваа функција сè уште не е овозможена поради противењето на поборниците за човекови права и приватност кои ги истакнаа ризиците по човековите права од употребата на таква наметлива технологија, како и фактот дека нејзината употреба не е регулирана во Србија, ниту дозволена според регулативите на ЕУ, со исклучок на многу ограничени околности.

Од формална гледна точка, повеќето од земјите немаат договори за екстрадиција со Кина, што може да послужи како потенцијална заштита од произволното таргетирање на Кина кога целта е екстрадиција. Единствен исклучок е Босна и Херцеговина која има договор за екстрадиција што е во сила од 2013 година.[35]

Сепак, и покрај недостатокот на правна основа, албанските власти веќе добија барања од нивните кинески колеги за екстрадиција на кинески државјани. Пред 16 години, Албанија им понуди заштита на петмина Ујгури обвинети за тероризам од Кина, но ослободени од вина од САД.[36] Во 2022 година, Кина побара екстрадиција на еден граѓанин обвинет за измама вредна 140 милиони евра, а тоа беше одобрено од Општинскиот суд во Тирана и Апелациониот суд.[37] Пресудата потоа беше поништена од Врховниот суд, кој ја разгледа можноста лицето да е гонето од политички причини.

### *Поглавје 24: Очекуваните економски можности би можеле да ги одведат визните политики во погрешна насока*

Изгледите за привлекување повеќе кинески туристи, бизнисмени и потенцијални инвеститори се главните мотиви за сè пофлексибилната визна политика на Западен Балкан кон Кина, што води до назадување во усогласувањето со ЕУ. Србија беше првата земја што воведе безвизен режим во 2016 година, по што следеше Босна и Херцеговина во 2018 година. Албанија првично воведе визно ослободување за организирани туристички групи за време на сезоната на одмори во 2017 година и постепено ја прошири визната либерализација на други категории патници до јануари 2023 година кога целосно ги укина визите за кинеските државјани за престој во Албанија до 180 дена. Покрај тоа, Албанија ја воведе програмата „Златна виза“ која им даваше можност на кинеските граѓани (како и на оние од други земји) да добијат дозволи за долгорочен престој со купување на недвижен имот.Програмата беше прекината откако ЕУ реагираше во извештајот за земјата за 2021 година и се закани дека ќе го прекине безвизниот режим на Албанија за патување во ЕУ,[38] потег што во земјата беше доживеан како неправеден бидејќи некои земји членки на ЕУ имаат слични програми.

Во Црна Гора пак, политиките им дозволуваат на кинеските граѓани да транзитираат или да престојуваат во земјата како дел од организирани туристички групи до 30 дена.[39] Северна Македонија засега е единствената земја која е целосно усогласена со визната политика на ЕУ кон Кина, и покрај тоа што визното прашање неколку пати беше ставено на политичката агенда и националните власти ветија дека реципрочно ќе ги укинат визите.[40]

# Внатрешен пазар: Економски придобивки и потенцијални ризици

Законодавството на ЕУ поврзано со внатрешниот пазар сочинува приближно две третини од вкупното *acquis communautaire*. Тоа е и иницијалната причина за создавањето на Европската Унија и еден од најмоќните двигатели на пристапниот процес. Европскиот единствен пазар им овозможува на компаниите од новите членки непречен пристап до повеќе од 400 милиони потрошувачи и на граѓаните пристап до поголема разновидност на добра и услуги по поконкурентни цени. Истовремено, кога Западен Балкан ќе се приклучи кон ЕУ, усогласувањето во оваа област ќе обезбеди слобода на движење помеѓу ЕУ и регионот преку четири димензии: стоки, луѓе, услуги и капитал, давајќи им на граѓаните, жителите и компаниите во земјите во пристапување нови можности за патување, престој, студирање, инвестирање, водење бизнис итн. Ова поглавје анализира дали соработката меѓу земјите од Западен Балкан и Кина има потенцијал да влијае на кој било начин врз усогласувањето или спроведувањето на законодавството на ЕУ во оваа област.

### *Поглавја 1 и 28: Водењето бизнис со изворот на евтини стоки има своја цена*

Кина е еден од најзначајните увозни партнери за сите земји од Западен Балкан и увозот многукратно се зголеми низ целиот регион, особено по воведувањето на платформата за соработка Кина-ЦИЕ. Меѓу најтргуваните стоки се потрошните материјали како текстил, обувки, апарати за домаќинство, електроника, играчки, но и машини, градежни материјали и медицински материјали. Со оглед на ценовниот опсег на кинеските производи, споредбено на глобално ниво, нивниот увоз е значаен за потрошувачите од Западен Балкан кои имаат најниска куповна моќ во Европа. Кинеските компании се исто така главни добавувачи на машини и производствени инпути во голем број индустрии, како производи од железо и челик, градежништво, текстил, преработка на храна итн.

Сите земји од Западен Балкан имаат договори за стабилизација и асоцијација со ЕУ што им овозможуваат слободна трговија или преференцијални извозни шеми во ЕУ, а тоа служи како поттик за кинеските компании да се позиционираат во регионот и да извезуваат на европскиот единствен пазар. Тоа е особено случај со големите инвестиции во индустриите за производство на челик во Северна Македонија (Макстил) и Србија (железарницата Смедерево), но и во нафтените полиња и рудниците за хром во Албанија, како и други помали инвестиции.[41]

Ниту една од земјите нема направено никакви отстапки за увоз на кинески производи кои би биле во спротивност со европските стандарди и правила. Иако не уживаат позитивна перцепција и се смета дека имаат послаб квалитет, евтините кинески производи се добредојдени во регионот поради нивните ниски цени. Сепак, тие се и причина за тешкотиите на домашните производители чии производи станаа помалку конкурентни.[42] Квалитетот на производите не е секогаш според очекувањата на потрошувачите, а имало и случаи кога кинески производи биле повлечени од пазарот поради безбедносни причини. Во Црна Гора и Северна Македонија, се работеше за кинески играчки,[43] додека во Босна и Херцеговина за козметика, електроника и заштитна опрема.[44]

Во 2019 година, Врховната ревизорска институција на Албанија откри дека во 2017 и 2018 година бил дозволен влез на пестициди и други производи за заштита на растенијата, отрови и опасни хемикалии од Кина во Албанија, иако овие производи биле забранети во ЕУ.[45] Истата година, холандските власти во пристаништето на Ротердам блокираа контејнерски брод со ки-

нески пестициди што ги купила албанска компанија. Покрај тоа, имало случаи кога кинески производи биле претставени како да се произведени во Албанија, со цел да се доведат потрошувачите и властите во заблуда.[46] Во контекст на овие прашања за безбедноста и квалитетот, Кина презеде одредени чекори со цел да ги разувери потрошувачите. Генералниот директорат за стандардизација на Република Албанија и Администрацијата за стандардизација на Народна Република Кина потпишаа договор со цел да развијат поблиска соработка во стандардизацијата.[47]

Србија е единствената земја во регионот која започна разговори за договор за слободна трговија со Кина, кој се очекува да биде склучен до крајот на 2023 година. Иако српската влада гледа со многу ентузијазам на договорот и очекува големи економски придобивки, експертската заедница е поскептична со оглед на огромната трговска асиметрија меѓу двете земји.[48] Тие дури стравуваат дека најголемата корист од таквиот договор ќе биде укинувањето на царините за бакарни производи што се најзначаен извоз во Кина и критична суровина што Кина треба да ја увезе за да одржи голем број свои индустрии, како електрониката. Договорот би бил во спротивност со трговската политика на ЕУ, бидејќи трговијата е исклучива надлежност на ЕУ и европските институции се тие кои преговараат и потпишуваат договори за слободна трговија со трети земји. Таквиот договор со Кина не е на агендата на ЕУ, па затоа Србија ќе треба да ја усогласи својата политика и да се откаже од слободната трговија со Кина пред да влезе во ЕУ.

### *Поглавја 2, 19 и 23: Слободно движење на кинеските работници за да се компензира локалниот недостаток, но со различен третман во зависност од потеклото на работниците*

Најголемата група на кинески жители на Западен Балкан ја сочинуваат кинески работници привремено ангажирани од кинеските компании. Повеќето од нив се етаблираа во локалната средина, спроведуваат големи инфраструктурни проекти, стекнаа локален капитал или инвестираа во локални компании. Образложението за „увозот“ на кинеска работна сила е да се забрза спроведувањето на проектите или да се поддржат инвестициите и сродните операции, особено во време кога регионот се соочува со сериозен одлив на мозоци и емиграција на квалификувани работници. Процентот на кинески работници кои ќе бидат ангажирани на големи инфраструктурни проекти е предвиден во договорите и варира помеѓу 30% и 50%. На пример, кинеските имигранти во Босна и Херцеговина обично се работници ангажирани од кинеските компании присутни во регионот и сочинуваат околу 20% од странските жители.[49] Помал број од кинеските жители се кинески студенти или претприемачи и нивните семејства кои имаат тенденција да останат во регионот на подолгорочна основа.

Бројот на издадени дозволи за престој на кинески државјани во 2022 година се движи околу неколку стотици по земја, насекаде, освен во Србија, каде се проценува дека има околу 4.000 Кинези[50] и каде се упатуваат уште поголем број привремени кинески работници.[51] Србија е исклучок и кога станува збор за регулирање на престојот на кинеските работници, бидејќи им нуди на компаниите можност да воспостават работни односи според кинескиот, а не српскиот Закон за вработување на странци и ги лишува од национално социјално осигурување. Во 2018 година, српскиот Парламент го одобри овој исклучок во форма на билатерален договор кој предвидува дека кинеските работници уживаат помала заштита од нивните работодавци, бидејќи надлежноста на српските инспекциски служби е ограничена.[52]

За инвестициите на Ѕиџин Мајнинг и Линглонг во Србија, постојат докази за тешка експлоатација, со предолго работно време, без денови за одмор, затворање во простории за живеење без слобода за нивно напуштање, несоодветна здравствена нега, пренатрупани соби за спиење без минимум прифатлив животен стандард и хигиена, нередовна исплата или неисплата на плати, потпишување бланко договори и предавање на пасоши на работодавачот, а сето тоа се граничи со трговија со луѓе.[53] Покрај тоа што уживаат посебни прописи, кинеските инвеститори, како Хестил, исто така се вклучија во лобирање за во-

ведување општи измени на Законот за работни односи за да им се даде поголема дискреција на работодавачите во постапките на отпуштање.[54]

Во Албанија има обвинувања за дискриминација на локалниот персонал од страна на кинеските компании во поглед на платите, социјалните придонеси и работните услови. Кинеските компании имаат тенденција да ги ангажираат кинеските работници со договор за вработување во странство, кој за кинеските работници предвидува повисоки плати и помали одбитоци за даноци или социјални придонеси, што е легално според локалните закони, но е спротивно на принципот на недискриминација во вработувањето и социјалните политики на ЕУ.[55] Друга заедничка политика на кинеските компании е да поделат договори за дело на локалниот персонал со цел да ги заобиколат колективните договори.[56]

### *Поглавја 4 и 9: Финансиското и банкарското работење вообичаено е непроблематично, но „зајакот лежи“ во вистинската намера*

Сите земји од Западен Балкан имаат релативно флексибилни правила во поглед на слободното движење на капитал, дозволувајќи им на странците, вклучително и кинеските државјани, да купуваат земјиште, деловни средства, недвижен имот, хартии од вредност итн. Иако целта на таквите мерки беше да се стимулира домашниот економски развој и да се привлечат странски инвестиции, резултатите во однос на присуството на кинески капитал досега беа ограничени, пред сè поради нискиот интерес од кинеската страна. Сепак, во последниве години, има промени бидејќи регионот стана поатрактивен за кинеските претприемачи и бизнисмени во одредени сектори. На пример, со цел да ја заобиколат забраната за извоз на сурово дрво од Босна и Херцеговина, кинеските претприемачи веќе купија три фабрики за преработка на дрво во земјата.[57] Во Србија, откако инвестираше во рудниците за бакар и злато во Бор, компанијата Ѕиџин Мајнинг почна активно да купува земјиште и имот во регионот од локалните жители со цел да го прошири рудникот, понекогаш прекршувајќи ги процедурите за експропријација.[58]

Во повеќето случаи, таквите трансакции се вршат во локалните валути, долари или евра како широко користени валути во регионот. Иако јуанот е достапен како валута со која се тргува на локалните девизни пазари, Албанија и Србија се двете земји кои го направија јуанот подостапен во обид да ја зголемат трговијата, туризмот и странски инвестиции. Имено, во 2014 година, албанската и кинеската централна банка потпишаа договор за валутен своп во износ од 250 милиони евра, кои им беа ставени на располагање на комерцијалните банки за трансакции. Договорот беше обновен во 2018 година за дополнителни три години.[59] Во случајот на Србија, договорот беше потпишан во 2016 година за сума од приближно 200 милиони евра.[60]

Единствена земја со регистрирано работење на кинеска банка е Србија, каде што Банката на Кина отвори филијала во 2017 година. Иницијално, нејзиното присуство во Србија имаше за цел да обезбеди финансирање за заеднички вложувања помеѓу кинеските и српските компании на трети пазари. Меѓутоа, со текот на времето, банката го прошири своето работење и вклучи услуги за општата популација.

### *Поглавје 6: Интересот на кинеските субјекти за стекнување средства и водење бизнис во регионот е ограничен, но во пораст*

Повеќето земји од Западен Балкан генерално нудат поволни услови за започнување бизнис, што е корисно за кинеските компании и претприемачи кои не уживаат никакви отстапки. Сепак, во некои земји се забележани одреден број неправилности кои укажуваат на тоа дека кинеските компании (и не само тие) го злоупотребуваат флексибилниот пристап. На пример, во Босна и Херцеговина има случаи на: неколку кинески компании регистрирани на иста адреса; адресата не е навистина место на работење на таа компанија; компании на кои им се доделуваат повеќемилионски договори, но работат без ниту еден вработен; или кинески компании кои разменуваат меѓу себе исти вработени со цел да покажат дека имаат работна сила кога тоа го бараат законските процедури.[61]

Во однос на регистрација на компанија, работни процеси, ревизии и финансиско известување, во Србија има тврдења дека надлежните органи кои ја надгледуваат точноста на релевантните документи, имаат помалку строг пристап кога се работи за кинески компании.[62] Често се вели дека или инспекциите не ги проверуваат кинеските компании, или ако го прават тоа, им даваат претходно известување, што подразбира поблаг пристап во споредба со другите субјекти. Има слична ситуација и во Албанија, каде што се чини дека 200-те регистрирани кинески компании добро се снаоѓаат во средината во која доминираат корумпирани и клиентелистички практики и ги заобиколуваат барањата за транспарентност во нивното ревизорско, сметководствено и финансиско известување.[63]

### *Поглавје 7: Правата од интелектуална сопственост (ПИС) треба да бидат заштитени*

Како во рамките на ПиП, така и на билатерална основа, Кина покажа подготвеност да работи со земјите од Западен Балкан на заштита на ПИС. За таа цел, Државниот завод за интелектуална сопственост на Народна Република Кина и Генералниот директорат за патенти и трговски марки на Република Албанија потпишаа Меморандум за соработка во 2016 година, кој беше обновен во 2021 година.[64] Со овој договор, двете канцеларии се согласија да соработуваат за развој и проширување на нивните системи за индустриска сопственост. Активностите за соработка се во областа на автоматизација, обработка на патентни информации и услуги за јавноста. Кинеската влада, исто така, нуди стипендии за Албанци за добивање на магистерска диплома по право на интелектуална сопственост.[65] Според годишниот извештај на Генералниот директорат за патенти и трговски марки на Албанија, кинеските субјекти сочинуваат 1% од сите апликации во 2021 година и 24% во 2022 година.[66] Во април 2023 година, Надворешно-трговската комора на Босна и Херцеговина организира вебинар за заштита на интелектуалната сопственост и ги покани компаниите кои размислуваат за аутсорсинг на своето производство во Кина или бараат локален кинески партнер за аплицирање.[67]

### *Поглавја 8 и 16: Посебните бенефиции за кинеските компании во некои од земјите ја нарушуваат конкуренцијата, ги дискриминираат домашните и другите странски економски оператори и го кршат националното законодавство и законодавството на ЕУ*

Кинеските компании имаат доминантна позиција во различни пазарни сегменти низ Западен Балкан: во Албанија имаат квазимонопол во екстракција на нафта, хром и бакар, а во Србија имаат доминантна позиција во производството на бакар. Покрај тоа, имаше одредени инциденти поврзани со прекршување на националните регулативи за конкуренција. Конкретно, во 2018 година, албанската Агенција за заштита на конкуренцијата започна истрага против Банкерс Петролеум за да утврди дали компанијата ја злоупотребила својата доминантна позиција во производството и тргувањето со нафта по пријавите од локалните рафинерии. Агенцијата одлучи дека компанијата ја злоупотребила својата доминантна позиција и не применувала еднакви услови за тргување за исти комерцијални дејствија кон компаниите со кои имала договорни односи.

Во својата одлука од 2020 година, албанската Агенција за заштита на конкуренцијата определи конкретни обврски за Банкерс Петролеум да ги снабдува компаниите на домашниот пазар во согласност со договорните односи врз основа на одредбите од Граѓанскиот законик, да доставува квартални извештаи за нафтените трошо-

*Рудник за бакар и злато Чукар Пеки, „Zijin Mining“, Србија (Извор: Zijin Mining website)*



ци, производството на нафта и работењето со јаглеводороди, како и нацрт на секој договор што планира да го потпише со различни рафинерии со цел Агенцијата да провери дали има усогласеност со условите од Законот за заштита на конкуренцијата.[68] Кинеската компанија не ги испочитува обврските и Агенцијата за заштита на конкуренцијата ѝ наложи да плати казна од 200.000 евра.[69]

Покрај тоа, кинеските компании се значајни корисници на државна помош во некои од земјите, конкретно Србија и Босна и Херцеговина. Српските власти забележително ги фаворизираат кинеските компании во овој домен и тоа се согледува преку две видливи практики. Прво, постапките на јавни набавки се прилагодени да фаворизираат само неколку избрани или еден понудувач (главно кинеска компанија), користејќи практики како неразумно кратки рокови за аплицирање. Ова е спротивно на стандардите на ЕУ кои предвидуваат минимум 30 дена за огласот за јавна набавка.[70] Второ, имаше повеќе случаи на незаконска државна помош на кинеските компании, што ги загрозува правилата на фер конкуренција на пазарот.

Постојат индиции дека Комисијата за контрола на државната помош (ККДП) дозволила незаконска државна помош за Шандонг Линглонг Тајр во 2020 година, во висина од 83,5 милиони евра за изградба на фабрика за гуми во Зрењанин.[71] Инвеститорот и Министерството за економија не го пријавиле во ККДП целосниот износ на доделената државна помош. Понатаму, ККДП не ја проценила индиректната помош што ја добила компанијата во вид на изградба на инфраструктура финансирана од јавни средства. Според Законот за контрола на државната помош, не треба да се додели државна помош сè додека ККДП не издаде одлука за проверка на усогласеноста со прописите за контрола на државната помош. Останува нејасно како ова прашање беше изнесено пред ККДП само една година по потпишувањето на договорот. Одобрувањето на оваа државна помош од страна на ККДП беше оправдано со тврдењето дека инвестицијата на Линглонг е во прилог на јавниот интерес и има стимулирачки економски ефект. Сепак, ваквите заклучоци се засновани исклучиво на изјавите на инвеститорот, без соодветна проценка на конкретни материјални докази.[72]

Покрај тоа, се смета дека кинеските компании, како Ѕиџин и Линглон, добиваат даночни ослободувања и благ пристап од даночните власти, што исто така може да се смета за облик на индиректна државна помош. Податоците во врска со овие наводи не се достапни, бидејќи властите не даваат одговори на барањата за информации од јавен карактер поднесени од новинари или граѓански организации.[73] Друг значаен пример е изградбата на дополнителен блок на термоелектраната Костолац, по договорот потпишан во 2015 година. Србија обезбеди заем од 608 милиони американски долари од кинеската Експорт-Импорт банка за овој проект. Европската комисија го критикуваше процесот на одобрување на кинескиот заем, а се утврди и дека финансирањето на електраната ги крши правилата за државна помош на Енергетската заедница.[74]

Во Северна Македонија и Црна Гора, контроверзноста околу државната помош не е исклучиво поврзана со кинеските компании, бидејќи тие ги користат истите привилегии достапни и за други странски компании. Во Северна Македонија, се работи за субвенции и даночни ослободувања за основање и управување со производствени погони во технолошко-индустриските развојни зони. Во Црна Гора, се работи за ослободување од ДДВ, акцизи и други јавни давачки за увоз поврзани со реализација на инфраструктурни проекти. Во случајот со Албанија, се смета дека Банкерс Петролеум ги искористила сите можни законски дупки за да избегне плаќање данок на добивка. Тие предложија разни концепти за оданочување, на пример, разликата помеѓу сметководствената и фискалната добивка, тврдејќи дека нивните капитални расходи и други трошоци (понекогаш вештачки надуени) постојано ги водат до фискални загуби, па оттука никогаш немале фискална добивка што може да се оданочи.[75]

# Конкурентност и инклузивен раст

## Потенцијални ризици поврзани со кинески компании и банки

Овој дел се осврнува на кластерот „Конкурентност и раст“ кој е поврзан со присуството и влијанието на кинеските субјекти во некои критични или стратешки сектори, како технологијата, телекомуникациите и инфраструктурата. Иако ЕУ има развиено норми и добри практики во конкретните области (на пр. мерките за безбедност на мрежата 5Г, правила за добро управување со јавните финансии или за спроведување на големи инфраструктурни проекти), земјите што пристапуваат имаат доста простор за маневрирање за да изберат со кого и како сакаат да водат бизнис. Оттука, во навидум поповолниот сооднос на трошоците и придобивките од кинеските економски оператори и банки понекогаш се јавува загриженост во однос на геополитиката, безбедноста, доброто владеење итн.

### *Поглавје 10: Регионалниот монопол на Хуавеј беше доведен во прашање поради безбедносни и геополитички проблеми*

Хуавеј им беше омилен партнер на сите влади во регионот за воспоставување и/или надградба на нивните телекомуникациски мрежи сè до препирката меѓу Кина и САД, што постепено доведе до сеопфатен економски, технолошки, нормативен и идеолошки натпревар меѓу двете глобални сили. Сите земји од Западен Балкан беа погодени од ривалството што ги притисна да изберат страна и влијаеше врз нивниот избор во областа на телекомуникациите.[76] Албанија и Северна Македонија, земји кои имаат стратешки партнерства со САД, потпишаа Меморандуми за разбирање за да се приклучат на Иницијативата за чисти мрежи - глобално партнерство чија цел е да се изостават небезбедните продавачи од поставувањето на технологиите 5Г, индиректно имплицирајќи на кинеските компании како ЗТЕ и Хуавеј.[77]

Следствено на тоа, Хуавеј мораше да го намали своето работење во снабдувањето на телеком операторите, што сочинуваше најголем дел од неговите приходи во овие земји, и го задржа само малопродажниот дел, кој исто така беше погоден од глобалните забрани за користење на апликациите и услугите на некои западни компании, како Гугл. Во Северна Македонија, Хуавеј го спроведуваше и проектот за е-едукација финансиран со развојна помош од Кина чија цел беше да ги поврзе сите училишта и универзитети во земјата и да ги опреми со најсовремена опрема за мрежно поврзување. Првата фаза од проектот, која го опфати главниот град Скопје, беше завршена во 2018 година, но втората фаза од проектот, што требаше да ја опфати целата територија, беше блокирана од страна на националните власти.

Кога се работи за Босна и Херцеговина, иако земјата заостануваше со спроведувањето на мрежата 4Г, што дополнително го одложи воведување на 5Г, во последниве месеци има индикации дека ќе се одлучи за соработка со некои од западните, а не кинеските фирми, слично на Црна Гора.[78] Сепак, Хуавеј останува присутен во регионот преку други иницијативи како истражувачка соработка со универзитети, програми за стипендии итн.[79]

Пред сè, компанијата одржува силна позиција во Србија. Вашингтонскиот договор потпишан во 2020 година (за економска нормализација меѓу Србија и Косово) имаше за цел да ја ограничи оваа соработка со тоа што ја повика Србија да ја забрани употребата на мрежи 5Г добиени од „несигурни извори“. Сепак, тоа не го попречи значително тековното партнерство, па истата година во Белград беше отворен Центар за иновации и дигитален развој на Хуавеј.[80]

### *Поглавје 17: Зголемувањето на нивото на јавниот долг во некои од земјите беше причина за загриженост*

Сите земји од Западен Балкан, со исклучок на Албанија, користеа кинески заеми за спроведување на големи инфраструктурни проекти во рамките на ПиП платформата за соработка Кина-ЦИЕ. Ова влијаеше на нивоата на национален и јавен долг во земјите, и иако не се достапни последни податоци, некои од нив ги надминаа нивоата на одржливост на долгот. Црна Гора е најчесто наведуваниот пример, бидејќи должи 17% од вкупниот јавен долг на Кина (702 милиони евра, заклучно со 31 декември 2022 година, иако во периодот на пишување, се очекуваше владата да врати 60 милиони евра).[81] Во Северна Македонија пак, заемот од кинеската Експорт-Импорт банка за изградбата на автопатот го искачи јавно загарантираниот долг на државните претпријатија до 8% од БДП во 2019 година.[82] Една студија од Минхенската безбедносна конференција од 2019 година посочи дека Босна и Херцеговина должи 14% од својот вкупен надворешен долг на Кина,[83] иако треба да се напомене дека во меѓувреме некои од проектите беа прекинати, одложени или трајно откажани и беа објавени нови.

Според податоците од Управата за јавен долг, Србија во моментов има долг од 2,26 милијарди евра кон кинеската Експорт-Импорт банка. Сепак, важно е да се напомене дека износот од 2,26 милијарди евра е значително помал од вкупниот договорен обем на заеми со оваа банка кој достигнува приближно 14 милијарди евра, а во најава се и други проекти кои ќе се финансираат со кинески заеми.[84] Дополнително, има долг од 23,78 милиони евра кон унгарската филијала на Банката на Кина. Во моментот на пишување, вкупниот надворешен долг на Србија надминува 24 милијарди евра.

Нема јавни докази дека Кина го користи долгот на Србија во полза на сопствените интереси. Сепак, со оглед на високото ниво на зависност, тој би можел да игра значајна улога за добивање поволни услови за кинеските бизниси, заобиколување на домашните законски регулативи и наложување да се вклучат кинески компании во големи проекти. Претпоставката за „должничка замка“, која првично беше изнесена во случајот со Црна Гора и проширена во „теорија“ дека Кина сака да конфискува црногорско суверено земјиште, често се генерализираше како ризик за сите земји што добиваат кинески заеми. Иако беше отфрлена оваа теорија,[85] фактот што во некои случаи Кина има значителен процент од долгот и асиметријата во потпишаните договори за заем (арбитража во Пекинг, применливото право е кинеското право) ги прават овие земји потенцијално поранливи на кинескиот притисок, особено за надворешно-политички прашања.[86]

Постојат тврдења дека Србија побарала репрограмирање на долгот од Кина, но Кина го одбила барањето.[87] Во исто време, Кина беше толерантна кон Црна Гора кога земјата не беше во можност да го сервисира својот долг за купување на два комерцијални брода и ги репрограмира исплатите.[88] Албанија е единствената земја која не користела кинески средства за инфраструктурни проекти во последниве години, иако во минатото, за време на комунизмот, доби вкупно 10 милијарди долари во грантови и 7,5 милијарди долари во бескаматни заеми,[89] а потоа позајми 126 милиони долари согласно билатерален финансиски договор, што треба да се вратат во период од 12 години со каматна стапка од 3,5%.[90]

## Области во исклучива надлежност на земјите пристапнички

Овој дел ги опфаќа преостанатите области кои не се директно поврзани со законодавството на ЕУ и неговата имплементација, туку се однесуваат на механизмите за соработка и „меките“ мерки, како интеракција меѓу народите, наука, образование, култура, медиуми и граѓанско општество. Според тоа, тој содржи поопшт преглед на соработката на земјите од Западен Балкан со Кина во оваа област и нема за цел да утврди дали има или не усогласеност со барањата што произлегуваат од пристапниот процес. Овој дел само површно ја допира интеграцијата во ЕУ и има за цел да ја испита загриженоста во врска со меката моќ на Кина и операциите за влијание чија цел е да ја промовираат кинеската идеологија, вредности и политички идеи, кои во многу случаи се фундаментално различни од оние на ЕУ.

### *Поглавја 23 и 10: Слободата на медиумите не е загрозена, но кинеската пропаганда е во пораст низ целиот регион*

Кина употреби разновидни алатки и тактики за да влијае врз медиумските наративи за Кина и меѓународните прашања од голем интерес за Кинеската комунистичка партија (ККП). Како најистакнати стратегии се присуството на кинески државни медиуми на локалните јазици, соработката помеѓу јавните радиодифузери, користењето на локалните медиуми како посредници и придобивањето локални новинари. Иако овие стратегии не претставуваат сериозна закана за слободата на говорот или печатот, сепак нивната цел е да се попречи разновидноста на ставовите и мислењата за домашните работи и глобалниот отпечаток на Кина, да ги ублажат и кога е можно, да ги елиминираат критиките и да претстават претерано убава и пристрасна слика за Кина, со крајна цел да ја обликуваат перцепцијата на јавноста.

Најдокажаната пропагандна алатка на ККП е Кинеското меѓународно радио (China Radio International - CRI), кое функционира на албански, српски и хрватски, јазици кои се широко зборувани низ Западен Балкан. Тоа не е само радио фреквенција, туку има и веб-страници и профили на социјалните медиуми кои даваат детални анализи за кинеските домашни, локални и меѓународни случувања од кинеска гледна точка, и кои обично имаат за цел да се спротивстават на западните аргументи и позиции. Кинеската глобална телевизиска мрежа (China Global Television Network - CGTN) е исто така присутна во повеќето земји преку кабелските и дигиталните оператори, како и на социјалните медиуми со профили на локалните јазици.

Иако нема локални медиуми со кинеска сопственост или призната прокинеска уредувачка политика, во некои од земјите постојат приватни медиуми кои може да се издвојат со нивната прокинеска содржина. Во Албанија, тоа е радиото Ејани (Ejani) кое емитува програма во двата големи града Тирана и Драч и информира за Кина. Во Србија, станува збор за Добредојдовте на забавното радио (Welcome to Fun Radio - WTF), во сопственост на лице со блиски врски со владејачката партија СНС, кое ги објавува содржините на КМР. „Недељник“ и „Политика“, најстарите дневни весници во Србија (50% во државна сопственост), исто така, имаат делови посветени на промовирање на Кина и нејзиното присуство во земјата.
Јавните радиодифузери се чини дека се предводници кога станува збор за директната соработка со нивните кинески колеги. Српската РТС има посебен термин посветен на промоцијата на кинеската култура, а јавните, државните и провладините медиуми во Србија општо земено, информираат попозитивно во вестите поврзани со Кина. Во Босна и Херцеговина, Новинската агенција на Република Српска и Федералната новинска агенција имаат договори за соработка со Синхуа (Xinhua).[91] Албанската телеграфска агенција и Албанската радио телевизија потпишаа договори за соработка и споделување содржини со сестринските агенции во Кина, со што имаат можност да презентираат филмови, документарци, детски филмови и други содржини кои ги нагласуваат историските врски меѓу двете земји или ја прикажуваат Кина на исклучиво „розов“ начин.[92]

Во Северна Македонија, најголем дел од промотивните содржини ги предлага Амбасадата на Кина преку нејзините врски со локалните медиуми, вклучително и Медиумска информативна агенција (МИА) и Националниот радио-дифузен сервис (МРТ). Исто така, редовно се објавуваат и колумни во истакнати медиуми, како „Нова Македонија“, и на маргинални интернет портали, кои ги истакнуваат позициите на Кина, а има и телевизиска емисија на Телма, национална телевизија, спонзорирана од Амбасадата на Кина, чија цел е промовирање на кинеската традиционална и модерна култура.

Покрај тоа, билатералните договори за соработка во сите земји во регионот отвораат можност за локалните новинари, уредници и медиумски професионалци да ја посетат Кина, да присуствуваат на различни програми за обука и да патуваат во региони како што се Синџианг или Тибет. Преку патувањата им се покажува страната на Кина што кинеската влада сака да ја видат, со цел да ги охрабрат да пишуваат и „разоткријат“ западните аргументи за овие чувствителни прашања.

### *Поглавје 25: Се чини дека научната соработка се одвива на заемно задоволство*

Науката и истражувањето е една од областите со најинтензивна соработка меѓу Кина и регионот. Иако некои земји од Централна и Западна Европа пројавија загриженост во врска со соработката

со Кина во оваа област, на Западен Балкан нема јавна дебата за потенцијалните ризици или каква било контроверзност во соработката. Многу универзитети во регионот имаат соработка со кинеската страна и локалните чинители сметаат дека истата е корисна за земјите од Западен Балкан, особено во контекст кога Кина обезбедува финансиски средства за заеднички истражувачки проекти, опрема и мобилност, што не е лесно достапно за високообразовните и научните институции од домашни извори.

Во Северна Македонија постои Заедничка комисија за научно-технолошка соработка и вкупниот број на заеднички реализирани научни и универзитетски проекти во петгодишниот период – 2016-2021 година, изнесува 40. Во последниот повик во 2021 година, имаше 38 апликации во областа на биологија, ветеринарна медицина, риболов, ИТ и автоматизација, инженерство, контрола на квалитет, нови технологии, медицина и телекомуникации. Министерството за образование и наука потпиша Меморандум за разбирање за заедничко финансирање на проекти за истражување и развој со Народна Република Кина, кој е дел од стратешкиот план на Министерството за периодот 2022-2025 година.

Во Албанија има интензивна истражувачка соработка во областа на минералната екстракција која ја отсликува економската активност. Кинеската компанија Синомин Рисорс Експлорејшн (Sinomine Resource Exploration) основа ќерка компанија во Албанија, која работи на изградба на рудници и геолошки испитувања во соработка со Албанскиот геолошки институт. Еден од главните партнери на Албанскиот геолошки институт во областа на геологијата и рударството е Кинеската академија за геолошки науки. Двете институции соработуваат во проценката на геолошките ресурси, вклучително и златото и дијамантите. Кина има значително присуство во овој сектор во Албанија преку договорот за соработка потпишан во 2014 година помеѓу Ариан Рисорсес (Arian Resources) и кинеската компанија Синомин Рисорс Експлорејшн, која ја доби лиценцата за развој и експлоатација на висококвалитетен бакар и злато во Перлат, Албанија.[93] Сепак, јавноста не гледа позитивно на вклучувањето на странски компании и институции (не само од Кина) во сектори поврзани со богатството на природните ресурси во Албанија.

Постои интензивна соработка и во областа на земјоделството и јавното здравје. Конкретно, во 2018 година, Земјоделскиот универзитет во Тирана свечено го отвори албанско-кинескиот центар за иновации, наука и земјоделска технологија. Во 2019 година, албанскиот Институт за јавно здравје и кинескиот Центар за контрола и превенција на болести потпишаа Меморандум за разбирање со што двете институции беа поттикнати да соработуваат во следењето на болести, биосигурноста, здравјето при работа итн.[94] Во изминатите пет години значително се интензивираше на научната соработка меѓу Србија и Кина, за што сведочи формирањето на кинеско-српска заедничка лабораторија за природни производи и откривање на нови лекови, позната како Материа Медика (Materia Medica) во 2021 година.

### *Поглавје 26: Соработката во образованието и културата е повеќестрана и ја отсликува амбицијата на Кина да ја унапреди својата мека моќ*

Кинеската влада преку Кинескиот совет за стипендии (China Scholarship Council - CSC) дава средства за различни видови студии на универзитетите во Кина, и за додипломски и за постдипломски студии, како и за студии по кинески јазик. Нема јавно достапни информации за бројот на студенти од Западен Балкан кои студираат во Кина, додека бројот на кинески студенти во регионот останува многу мал и далеку под европските трендови.

Иако постојат билатерални договори и зголемени можности за изучување на кинескиот јазик и култура,[95] и на универзитетите и во неформалното образование, сите тие се предложени и/или финансирани од кинески субјекти. Земјите од Западен Балкан немаат свои кинески студии, ниту развиена свест дека таквата истражувачка активност треба да се развива и поддржува преку домашни фондови за да има независност и одржливост. Во моментов, речиси сите истражувачки проекти се спроведуваат со странски партнери и средства, што оневозможува да се развие своја регионална перспектива за соработката со Кина.

Во Северна Македонија се наоѓа Координативниот центар за културна соработка меѓу Кина-ЦИЕ,

кој беше отворен во 2018 година и кој во голема мера стана „празна школка“ со пропаѓањето на мултилатералната платформа. На почетокот на 2022 година, во Сараево беше претставено Кинеско културно катче по повод кинеската Нова година и отворањето на Зимските олимписки игри.[96] Во 2021 година, беше отворен првиот Кинески културен центар во Требиње, Република Српска.[97] Дополнително, Кина одвои 45 милиони евра за изградба на културен центар на местото на зградата на Кинеската амбасада во Белград, која беше уништена за време на воздушната кампања на НАТО во 1999 година.[98]

Кога станува збор за институтите Конфуциј, главната институција на кинеската јавна дипломатија, тие се присутни во сите земји во регионот: по една во Северна Македонија и Црна Гора од 2013 и 2015 година; две во Србија, во Белград и Нови Сад; три во Босна и Херцеговина - една во Сараево во Федерацијата и две во Република Српска, во Бања Лука и во Источно Сараево. Иако тие се претежно активни во областа на јазикот и културата, во некои земји, како Албанија, Институтот Конфуциј започна соработка во научни истражувања во области како вештачка интелигенција и информатичка технологија.[99] Сепак, во земјите од Западен Балкан, за разлика од другите делови на светот, институтите Конфуциј не станаа предмет на политичка контроверзност.

Во Албанија, една од приоритетните области за културна соработка е заштитата, зачувувањето, идентификувањето, документацијата и дигитализацијата на културното наследство, област каде што се верува дека Кина има многу искуство и експертиза.[100] Кина, исто така, се вклучи во поддршката на здруженијата за пријателство, како што се кинеско-албанското здружение за младинско пријателство, албанско-кинеското културно здружение и албанско-кинеското здружение за пријателство. Слично на тоа, во Босна и Херцеговина, во 2014 година беше формирано здружение за пријателство со задача да шири вести и да ја промовира кинеската култура. Подоцна, тоа беше трансформирано во Центар за промоција и развој на иницијативата „Појас и пат“. Во 2021 година, Центарот почна да го издава списанието „Гласот на Кина“ (Глас Кине), во четири броја годишно.[101] Во Северна Македонија, кинеската литература стана сѐ поприсутна во последниве години. Имено, 50 од вкупно 90 кинески наслови кои воопшто се преведени на македонски јазик, се објавени од почетокот на 2018 година.[102]

Кина, исто така, се обиде да навлезе во граѓанското општество и заедницата на тинк-тенк организации, но во согласност со својата определба да работи со државните чинители. Конкретно, Босна и Херцеговина потпиша билатерален договор со Кина на ниво на државни институции за унапредување на соработката во делот на медиуми и тинк-тенк организации. Договорот се чини дека е во спротивност со фактот што повеќето медиуми и тинк-тенк организации на Западен Балкан (за разлика од Кина) не се во државна сопственост и својот кредибилитет го засноваат на обидот да останат објективни и независни од секаков вид на влијание, вклучително и од државните органи.[103] Во Северна Македонија, Кинеската академија на општествени науки потпиша Меморандуми за разбирање со МАНУ - Академијата на уметности и науки во 2018 година и Институтот за геостратешки истражувања во Министерството за надворешни работи во 2017 година.[104] Сепак, во последниве години, кинеските субјекти почнаа да поддржуваат недржавни институции, т.е. невладини организации, со помали проекти кои ја промовираат соработката на конкретните земји со Кина или иницијативата ПиП.

*Магазин Гласот на Кина (The Voice of China) (Извор: Glas Srpske)*



# Зелена агенда и одржлива поврзаност

Овој кластер ги опфаќа поглавјата што се однесуваат на поврзаноста, инфраструктурата, енергетиката и животната средина, односно области од посебен интерес или особено влијание за кинеските активностите на Западен Балкан. Според тоа, следниот дел ќе го проучи кинеското присуство во овие области, односно дали и до кој степен нејзините различни економски активности – инвестиции, заеми, концесии и други видови јавни и приватни договори ги поддржуваат или поткопуваат напорите на земјите за почитување на законодавството, принципите и најдобрите практики на ЕУ.

### *Поглавја 14 и 21: Голем потенцијал за соработка во областа на транспортот, под услов да се следат европските и националните правила*

Работата на кинеските компании на патничката, и во помала мера, на железничката инфраструктура е еден од највидливите аспекти на кинеското присуство на Западен Балкан. Во Србија, работата започна уште во 2009 година со изградбата на Пупиновиот мост и продолжи со голем број автопати, како автопатската делница Милош Велики (т.н. Коридор 11), Нови Сад – Рума, белградскиот кружен тек и модернизацијата на железничката пруга Белград-Будимпешта (Коридор 10). Во Црна Гора, кинеските заеми беа искористени за купување на два комерцијални брода и за изградба на делницата Смоковац-Матешево на автопатот Бар-Бољаре (Коридор 11), додека патот Будва – Тиват, кој требаше да се финансира од националниот буџет, исто така беше доделен на кинеска компанија во конкурентна постапка.[105] Во областа на железничката инфраструктура, кинеска компанија ја заврши рехабилитацијата на железничката пруга Колашин-Кос, користејќи средства од ЕБОР.

Во Северна Македонија, Синохидро е кинеска компанија која ја гради автопатската делница долж Коридорот 8 и заврши дел од Коридорот 10, од Миладиновци до Штип, и во двата случаи со кинески заеми. Истата компанија, во отворени и конкурентни постапки, ги доби тендерите за изградба на регионалните патишта Кочани-Крупиште во 2019 година и Фариш-Дреново во 2020 година, и двата финансирани од ЕБОР. Уште еден заем од ЕБОР беше искористен за набавка на шест електрични возови и локомотиви во 2017 година.

Кинеските компании, исто така, градат голем број автопати во Босна и Херцеговина (види поглавје 5), како и дел од Коридорот 5ц кој е финансиран од ЕБОР и ЕИБ.[106] Една од нив е вклучен и во реконструкцијата на сараевскиот трамвај.[107] Во исто време, Албанија е единствената земја каде што кинеските компании не успеаја да добијат договори во областа на транспортот, и покрај неколкуте обиди, како во контекст на автопатот Арбер, јадранско-јонскиот автопат и пристаништето Шенѓин. Единствениот иницијално успешен договор за концесија на аеродромот во Тирана заврши четири години подоцна, кога инвеститорот Евербрајт ја продаде концесијата на локална компанија и замина.

Кинеското учество во транспортната инфраструктура опфаќа многу проекти од интерес за ЕУ и изградба на патни и железнички делници долж клучните трансевропски коридори (ТЕН-Т) и целокупната мрежа.[108] Поголема синергија во финансирањето, приоритетите и проектите помеѓу Кина, ЕУ и националните власти за забрзување на инфраструктурниот развој во регионот, несомнено би била од голема корист како за граѓаните и компаниите од Западен Балкан, така и за процесот на пристапување. Тоа ќе им помогне на земјите да ги постигнат одредниците во соодветните поглавја и ќе ја забрза нивната

економска конвергенција со просекот на ЕУ. Сепак, останува сериозна загриженост за начинот на имплементација на проектите за транспортна инфраструктура финансирани од Кина, која е присутна, но помалку изразена кога кинеските компании се само изведувачи на проекти финансирани од други донатори и заемодавачи и треба да ги почитуваат нивните строги правила.

### *Поглавја 15 и 27: Енергетика и животна средина – мешавина од потенцијал и контроверзност*

Енергетскиот сектор е една од областите од голем интерес за Кина во Западен Балкан. Ова во голема мера е поттикнато и овозможено од побарувачката на домашните влади и нивната желба да ја зголемат енергетската доволност на земјите и веројатно ќе добие на значење со војната во Украина и обврските на Западен Балкан во рамките на Зелената агенда.[109] Сепак, честопати, плановите на Кина предвидуваа изградба или модернизација на фосилни централи (на јаглен) во проекти кои не ги исполнуваа критериумите за одржливост на животната средина на западните донатори и заемодавачи. Тоа е случај со неколку изградени или договорени термоцентрали (ТЕЦ), како „Станари“ и „Тузла“ во Босна и Херцеговина, како и „Костолац“ во Србија. Неколку дополнителни ТЕЦ беа најавени или ветени, но плановите за изградба беа откажани, најверојатно поради повеќе причини како условеност од ЕУ, национални еколошки заложби, негативно јавно мислење и ветувањето на Кина да престане да инвестира во проекти со фосилни горива во странство. Така беше во случајот со ТЕЦ „Бановиќи“, „Гацко“ и „Каменград“ во Босна и Херцеговина, како и ТЕЦ „Колубара“ во Србија, додека изградбата на нов блок во ТЕЦ „Тузла“ беше започната, а потоа запрена од слични причини.[110] Од друга страна пак, кинески конзорциум го доби тендерот за реконструкција на ТЕЦ „Плевља“ во Црна Гора, во обид да се воведат највисоките стандарди на ЕУ за заштита на животната средина.

Истовремено, Кина разгледуваше можности да се вклучи во производството на обновлива енергија, област каде што тврди дека има големо искуство, експертиза и компаративна предност со оглед на тоа што е најголем светски производител на опрема за тоа. Нејзиното присуство во обновливите извори на енергија во регионот на Западен Балкан започна со изградбата на хидроцентралата (ХЕЦ) „Козјак“ во Северна Македонија која беше завршена во 2004 година. По успешното завршување на овој проект, Кина покажа интерес за Вардарската долина, мегапроект кој предвидува изградба на 12 хидроцентрали долж реката Вардар до грчката граница, во вредност од 1,5 милијарди евра.[111] И покрај тоа што владата потпиша Меморандум за разбирање со компанијата Чајна Вотер Електрик (China Water Electric - CWE), проектот никогаш не се реализира.

Во истиот период, Кина ѝ позајми на Албанија 100 милиони долари за финансирање на изградбата на хидроцентралата „Бушат“.[112] Централата беше изградена од страна на CWE во периодот меѓу 2001 и 2008 година. Заемот се искачи на 150 милиони долари и требаше да се исплати во рок од 12 години со каматна стапка од 3,5 проценти, со што трошокот се зголеми за повеќе од 60 милиони долари.[113]

Кинеската компанија Геџоуба (Gezhouba) го доби договорот за изградба на ХЕЦ „Дабар“ во Босна и Херцеговина, како дел од проектот „Горњи Хоризонти“.[114] Сепак, проектот може да наиде на предизвици бидејќи Хрватска најави дека ќе ја прија-

*Парк со ветерници Мозура, Црна Гора (Извор: China Daily)*



ви Босна и Херцеговина до институциите на ЕУ поради предвиденото негативно влијание врз животната средина од изградбата, кое веројатно ќе се почувствува во Хрватска.[115] Кина, исто така, се вклучи во проектите за ветерници. Имено, кинеските компании инвестираа во изградбата на ветерниот парк „Ивовиќ" во Томиславград, регион во Херцеговина и ветерниот парк „Мозура" во Црна Гора.[116]

Покрај тоа, присуството на кинески компании и претприемачи во Босна и Херцеговина се поврзува со небрежност кон животната средина, поради самата природа на економските дејности, но и поради незаконската или нерационална експлоатација на природните ресурси. Конкретно, извозот на сурово дрво од Босна и Херцеговина во Кина поттикнува нелегална сеча, што е причина за деградација на животната средина.[117] Исто така, има пријави за нелегално вадење на камен на локацијата Вагањ во општина Ливно.[118]

Во Албанија, активностите на Банкерс Петролеум се поврзуваат со загадувањето на воздухот, водата и почвата, појава која започнала уште пред компанијата да биде откупена од Кинезите. Во 2022 година, албанскиот Национален инспекторат за територијална заштита ѝ изрече казна на компанијата и го прекина нејзиното работење поради загадување на областа во која работи. Инспекторатот утврди дека компанијата не ги почитува еколошките обврски за отстранување на опасен отпад и како резултат на тоа, ја контаминира областа. Според тоа, на компанијата ѝ изрече административна казна во износ од 100.000 евра и го прекина нејзиното работење во период од 6 месеци.[119] Жителите на подрачјето каде што се врши екстракција и преработка на јаглеводороди редовно се жалат на загадување и неговото влијание врз нивната земјоделска работа. Многу од нив поднесоа граѓански тужби против компанијата, барајќи надомест. Во тој контекст, компанијата презеде одредени мерки со цел да ја промени негативната перцепција, најавувајќи инвестициски план од 7 милиони долари за постројка за третман на јаглеводороден отпад и за третман на тиња за намалување на нафтениот отпад во нафтеното поле Патос-Маринза.[120]

Во јануари 2021 година, група од 26 члена на Европскиот парламент ја изрази својата загриженост за негативното влијание врз животната средина предизвикано од кинеските инвестиции во Србија, повторувајќи ја загриженоста што локалните активисти ја изразија во текот на изминатите неколку години.[121] Според извештајот на Глобалната алијанса за здравје и загадување објавен во декември 2019 година, Србија е рангирана на деветтото место во светот по смртни случаи што се припишуваат на загадувањето на воздухот, што ја прави највисоко рангирана европска нација во овој поглед.[122] Вклученоста на Кина во ова прашање е повеќестрана.

Покрај ТЕЦ „Костолац", локалните заедници и невладините организации редовно ги обвинуваат кинеските инвестиции за непридржување кон еколошките стандарди. Тоа особено е случај со железарницата во Смедерево што ја откупи групацијата Хестил, рудниците за бакар и злато во Бор во сопственост на рудникот Ѕиџин Мајнинг и изградбата на фабрика за автомобилски гуми во Зрењанин од Шангдонг Линглонг. Локалните активисти тврдат дека новото раководство на овие компании не ги презело неопходните мерки за безбедно производство, при усогласувањето со еколошките стандарди, нанесувајќи штета на локалните екосистеми и негативно влијаејќи не само на здравјето на работниците, туку и на благосостојбата на пошироката население кое живее во тие региони.[123]

Тие, исто така, истакнаа дека владата не им наметнала такви обврски на кинеските инвеститори и со тоа не успеала да ги заштити граѓаните, што довело до алармантна ситуација во однос на јавното здравје.[124] Смедерево, чиј поширок регион има 100.000 жители, во 2019 година пријави 6.866 случаи на рак, во споредба со 1.738 во 2011 година. Канцерогениот арсен во градот Бор веќе го намали животниот век за десет години, при што 25 проценти од населението на Бор страда од некој вид на малигно заболување, како леукемија и автоимуни болести.[125]

# Ресурси, земјоделство и кохезија

Овој кластер се однесува на обезбедувањето доволно резерви на квалитетна храна по разумни цени за потрошувачите и во согласност со најдобрите практики за следење на нејзиното потекло и безбедност. Во него се опфатени и регионалната и кохезивна политика чија цел е да се подобри развојот на најмалку развиените региони и да се намали јазот помеѓу центарот и периферијата, вклучително и преку редистрибутивни политики во форма на развојна помош.

### *Поглавја 11, 12 и 13: Владите се стремат кон поголем извоз на прехранбени производи во Кина, но наместо тоа, увезуваат повеќе*

Со оглед на структурата на економијата во Западен Балкан и важноста на земјоделството, сите земји негуваа надежи и очекувања за зголемен извоз на кинескиот пазар и тоа им стана еден од приоритетите во билатералните односи.[126] Кина покажа голем интерес за развојот на земјоделскиот сектор во Албанија и во 2017 година на албанската влада ѝ додели 1,5 милиони евра за секторска модернизација, набавка на багери за отворање и чистење на главните одводни канали и подобрување на системите за наводнување.[127] Од 2018 година постои Албанско-кинески центар за иновации и земјоделска технологија и двете страни активно настојуваат да ја продлабочат соработката преку потпишување билатерални договори за олеснување на трговијата. Албанија веќе извезува во Кина пеперминт, чај и замрзнато овошје и се надева дека ќе почне да извезува млечни производи и мед, производи кои Албанија не смее да ги извезува во ЕУ.[128] Иако за ова се разговара со кинеската страна, Албанија работи и на усогласување со инструкциите од Европската комисија со цел да ги подобри своите производствени стандарди и да може да ги извезува на пазарот на ЕУ.

Кога се работи за Северна Македонија, и покрај тоа што веќе постојат неколку билатерални договори, земјоделските производи не се пробија на кинескиот пазар. Во 2021 година, извозот во овие категории беше 1% од вкупниот број (претежно вино).[129] Главните предизвици се нетарифните бариери во форма на различни стандарди, барања и документи во областа на ветеринарните и фитосанитарни контроли, растојанието и транспортот, особено со оглед на тоа дека станува збор за лесно расиплива стока, како и производствениот капацитет на земјите од Западен Балкан кој не е доволен за долгорочно да задоволи дури и мал фрагмент од кинескиот пазар.[130]

Во Србија ситуацијата е слична. Министерството за земјоделство го истакна значителниот пораст на размената во овој сектор, при што трговската вредност се зголемила од 14,2 милиони долари во 2014 година на 55,5 милиони долари во 2022 година. Сепак, поголемиот дел претставува увоз на кинеска стока, додека извозот на српска стока во Кина изнесува нешто над 17 милиони долари. Оваа трговска нерамнотежа предизвикува загриженост, особено во однос на потенцијалните импликации од договорот за слободна трговија за кој се преговара.

Кога станува збор за увозот од Кина, Албанија има случај на забрана на кинески млечни производи во 2008 година.[131] Ситуацијата е загрижувачка и во однос на рибата, бидејќи Албанија увезе над 1 илјада тони риба од Кина во 2017 година. Иако албанската влада го претстави како успешна приказна, овој тип на трговска размена ги доведува албанските потрошувачи во заблуда, бидејќи увезената риба понекогаш се претставува како свеж локален производ кој Албанците го купуваат за високи цени.[132] Локалните производители тврдат дека кинеската риба не е ниту безбедна, ниту со висок квали-

тет, особено рибата која доаѓа замрзната, но во Албанија не постои законска регулатива за инспекција или контрола на рибните производи и секторот е недоволно регулиран.

### *Поглавја 22 и 28: Развојната соработка се спроведува според кинеските правила, но се води од домашните приоритети*

Во согласност со филозофијата на Кина според која ја води надворешната политика и пристапот кон меѓународната соработка, националните власти се единствено одговорни за развојот на земјата и оттука, тие одлучуваат како ќе се постигне тоа.[133] Преведено во политички термини, кога ја распределува развојната помош и ги канализира инвестициите, Кина ги прашува националните власти кои се нивните приоритети и постапува соодветно, земајќи ги предвид нивните определби во однос на географските региони и сектори. Во пракса, иако кинеските приоритети и интереси играат важна улога, според пристапот во сите земји во регионот, националните (и до одреден степен локалните) власти го држат кормилото.

Во периодот 2020-2022 година, Кина му обезбеди на регионот вкупно речиси 125 милиони евра во грантови, кои требаше да се потрошат во согласност со приоритетите и целите дефинирани во билатералните Договори за техничка и економска соработка (ДТЕС).[134] Националните влади ги одобруваат ДТЕС кои ги содржат нивните определби за тоа како треба да се трошат средствата, на пример во областа на здравството и образованието во Северна Македонија; земјоделство, машини и опрема во Албанија; информатичка технологија, одбрана и здравство во Србија, образование и мали инфраструктурни проекти во Црна Гора; земјоделство, здравство и образование во Босна и Херцеговина.

Албанија е единствената земја каде што на Кина ѝ е дадена можност активно да придонесува кон развојот на помалку просперитетните региони преку нејзиното вклучување во албанскиот владин проект „100 села“ и преку нејзините две големи инвестиции кои се наоѓаат во некои од најнеразвиените делови на земјата (Банкерс Петролеум и Џијангси Копер (Jiangxi Copper)). Сепак, и во двата случаи, нема докази за каков било значаен придонес од кинеските субјекти за поурамнотежен регионален развој. Напротив, компаниите често се обвинети дека остваруваат огромен профит од националните ресурси на Албанија, а враќаат само мал дел на заедниците што воопшто не е доволно за генерално подобрување на нивните услови за живот.

За време на пандемијата со КОВИД-19, приоритетот на целиот регион во развојната соработка се префрли на обезбедување медицински материјали и вакцини. Кина беше првиот и главен снабдувач, и преку донации и преку набавки, на опрема за лична заштита и болничка опрема, а подоцна и на вакцини, бидејќи регионот првично се бореше да обезбеди залихи од западните производители.

# Надворешни односи

***Поглавја 30 и 31: Членството во НАТО се чини дека е линијата на поделба кога се работи за надворешните и безбедносни политики кон Кина***

Кина зазема значително различно место и значење во надворешните политики на земјите од Западен Балкан. Таа има сеопфатно стратешко партнерство со Србија, земјата од Западен Балкан, која се чини дека најгласно ги брани интересите на Кина на меѓународата сцена и ѝ нуди значителни економски можности на домашен план. За возврат, по руската агресија врз Украина и нејзиниот веројатно намален дипломатски капитал, Кина стана најсилен поддржувач на Србија во нејзиниот спор со Косово, кој е најважното прашање за внатрешната и надворешната политика на Србија.

Косовското прашање е исто така важна причина за недовербата на Албанија кон Кина. Албанија е земја со долгогодишни пријателски односи со Кина кои датираат од нејзината комунистичка ера, и која цврсто ја поддржува политиката на „една Кина“ и нема односи со Тајван. А сепак, не успева да ја убеди Кина да го признае Косово, нејзината сродна држава. Во комбинација со стратешкото партнерство со САД и членството во НАТО, Албанија сè повеќе прибегнува кон церемонијални односи со Кина или соработка во области кои не се сметаат за стратешки или чувствителни. Ова е видливо и во делот на инвестициите, бидејќи Албанија е единствената земја во регионот каде има случаи на кинески компании кои ја повлекуваат инвестицијата и заминуваат, а нови инвестиции нема од 2016 година.

Останатите три земји може да се класифицираат во средината на овој континуум. Во Босна и Херцеговина, Република Српска е ентитетот со повидливи прокинески позиции, иако самата Федерација имаше бројни кинеските проекти. Земјата се обидува да ја следи Србија и нејзините односи со Кина, но не успева да ги извлече истите придобивки поради домашната ситуација, односно сложеното политичко и административно управување, економската понуда и широко распространетата корупција. Црна Гора и Северна Македонија, како сојузници во НАТО, станаа попретпазливи во соработката со Кина во последниве години, иако сè уште се надеваат дека ќе добијат одредени придобивки во вид на инвестиции или пристап до пазарот.

Сите земји имаат билатерални договори за инвестиции (БДИ) со Кина, од кои повеќето се потпишани во 1990-тите и го следат постариот модел на договори. Во секој случај, по членството во ЕУ, Западен Балкан ќе треба да се усогласи, бидејќи Лисабонскиот договор им дава на институциите на ЕУ одредени надлежности за инвестициската политика. Тие ќе треба да воспостават механизми за скрининг на инвестициите преку кои ќе се надгледуваат кинеските инвестиции во чувствителните сектори, а исто така ќе бидат под надлежност на механизмот за скрининг на ЕУ за инвестиции со прекугранични импликации. Тие, исто така, ќе треба да ги заменат своите БДИ и да прифатат договор за инвестиции на ниво на ЕУ. ЕУ и Кина склучија сеопфатен договор за инвестиции, но Европскиот парламент одби да го ратификува откако Кина воведе санкции за неколку европски субјекти и поединци, вклучително и членови на Европскиот парламент и на научната заедница.[135]

Санкциите доаѓаат како одговор на санкциите на ЕУ против четири лица поради нивната наводна вмешаност во репресијата на ујгурското малцинство во Синџијанг, првите мерки од тој вид што ЕУ ги усвои по масакрот на Тјенанмен во 1989 година. Иако сите земји од Западен

Балкан имаат обврска да се усогласат со репресивните мерки на ЕУ против трети страни, само три од нив – Албанија, Црна Гора и Северна Македонија се усогласија, но не и Србија и Босна и Херцеговина.[136] Сојузниците на НАТО можат да се пофалат со 100% усогласеност,[137] додека во случајот на Србија, процентот е само 48%.[138] Сите земји официјално се придржуваат до политиката на „една Кина“ и се воздржуваат од воспоставување поблиски врски со Тајван. Сепак, во последниве години, зголеменото присуство на Тајван во Европа се чувствува и во регионот преку инвестиции и врски на лично ниво (конференции, патувања итн.)

Истата линија на поделба постои и во соработката во воениот и одбранбениот сектор. Иако во последниве години сојузниците на НАТО се воздржуваат каков било вид на воена соработка со Кина, Босна и Херцеговина и Србија учествуваа во активности за воспоставување поблиски врски со Кина во оваа област, вклучително и преку набавка и донации на кинеска воена опрема и најави за заеднички вежби.[139]

Иако постојат многу малку јавно достапни податоци за извозот на оружје и стоки со двојна употреба од земјите од Западен Балкан во Кина, не постои официјална забрана за каков било вид извоз (за разлика од ембаргото за оружје на ЕУ воведено по масакрот во Тјенанмен), но надлежните органи ги носат одлуките за издавање дозволи за секој случај поединечно, обично земајќи ги предвид листата на технологии и одлуките на ЕУ.[140] Сепак, по руската агресија против Украина, некои земји, како Северна Македонија, дополнително ги заострија правилата и почнаа да не ѝ издаваат дозволи на Кина за одредени видови стоки.

# Заклучоци

Кинеското присуство на Западен Балкан има влијание врз европската агенда на земјите во повеќе поглавја. Во повеќето од нив, влијанието е негативно, бидејќи некои од владите имаат тенденција да ги заобиколуваат вредностите, правилата или процедурите на ЕУ за да ја овозможат соработката и да ги задоволат кинеските партнери. Ова е највидливо во Србија и Босна и Херцеговина, особено во Република Српска, каде што непречената соработка со кинеските партнери се чини дека преовладува над загриженоста во поглед на доброто владеење, владеењето на правото и човековите права. Националните власти се подготвени да направат исклучоци за да одговорат на барањата на Кина, а кинеските компании честопати добиваат „привилегиран“ третман од страна на инспекциските служби и другите надзорни тела.

Од друга страна, соработката со Кина може потенцијално да им донесе економски придобивки на земјите. Ова највидливо во областа на инфраструктурата, каде што приоритетите на националните власти, ЕУ и Кина се преклопуваат, особено во однос на мрежата ТЕН-Т или проектите за зелена енергија. Сепак, на ниво на процедури и гаранции за добро владеење, како транспарентност, отчетност, конкурентност и борба против корупцијата, некои од овие проекти, исто така, имаат сомнителни резултати. Животната средина е област и со позитивно и со негативно влијание: од една страна, таа е причина за загриженост во многу проекти и инвестиции, од друга страна, кинеските компании покажаа зголемен интерес за поддршка на производството на зелена енергија.

И покрај неколку проблематични случаи во Србија и Албанија, кинеските инвестиции генерално се добредојдени бидејќи имаат потенцијал да го поддржат економскиот раст на земјите од Западен Балкан. Кинеските производи, поконкретно потрошните материјали, се сметаат за неопходни со оглед на нивните ниски цени, иако остануваат сомнежите за нивната безбедност и квалитет. Од друга страна, извозот во Кина се чини дека е потежок, поради различните регулативи, нетарифните бариери и производствениот капацитет, а во извозната структура доминираат суровините. Постои широка соработка во истражувањето, образованието, медиумите и културата, области каде што Кина ја унапредува својата „мека моќ“.

Во табелата подолу е претставена проценка по поглавја за тоа дали и до кој степен соработката со Кина го поткопува усогласувањето или спроведувањето на законодавството на ЕУ:

| Поглавје: | Опис на поглавјето: | Проценка на поглавјето: |
| --- | --- | --- |
| 1. Слободно движење на стоки | Слободното движење на стоки е една од четирите основни слободи на единствениот пазар на ЕУ што овозможува ефикасно функционирање на внатрешниот пазар на ЕУ. Слободното движење на стоки подразбира отстранување на сите технички бариери во трговијата помеѓу земјите членки (ЗЧ) на ЕУ, со што се создаваат услови за слободно движење на стоки низ ЕУ, како и со обезбедување еднакво ниво на заштита на јавното здравје, потрошувачите и животната средина. | Негативна |
| 2. Слободно движење на работниците | Законодавството на ЕУ во поглавје им овозможува на граѓаните на ЕУ од една ЗЧ да работат во друга ЗЧ. Таканаречените мигрирачки работници на ЕУ мора да се третираат на ист начин како и националните работници кога станува збор за работните услови, социјалните и даночните предности. Одредени права се прошируени и се применуваат на членовите на семејството на работникот. | Негативна |
| 3. Право на основање и слобода на давање услуги | Слободата на давање услуги го овозможува функционирањето на внатрешниот пазар на ЕУ и го опфаќа правото на основање во која било ЗЧ на ЕУ. Основање на претпријатие значи право да се започне и да се води економска активност во која било ЗЧ. Давателот на услуги може да дава прекугранични услуги користејќи го своето професионално звање без понатамошно признавање на квалификациите во таа ЗЧ. | Неутрална |
| 4. Слободно движење на капиталот | Законодавството на ЕУ во областа на слободното движење на капиталот се однесува на директни инвестиции, инвестиции во недвижен имот, трансакции со хартии од вредност, трансакции со инвестициски фондови, кредитни трансакции, работење со депозити, плаќања врз основа на договори за осигурување, еднострани пренос на средства. Тековните плаќања се однесуваат на тековни трансакции, односно трансакции склучени помеѓу резиденти и нерезиденти чија цел не е трансфер на капитал. Ова преговарачко поглавје ги утврдува правилата за слободно движење на капитал помеѓу ЗЧ. Тие предвидуваат забрана на сите ограничувања за движењето на капиталот и плаќањата, како во рамките на ЗЧ на ЕУ, така и помеѓу ЗЧ и трети земји. | Неутрална |
| 5. Јавни набавки | Јавните набавки во Европската Унија опфаќаат збир на активности на договорните органи од ЗЧ на ЕУ со цел набавка на стоки, давање услуги или вршење работи. Системот за јавни набавки се состои и од јавно-приватни партнерства (ЈПП) и концесии. ЈПП се проекти кои имаат за цел да одговорат на јавна потреба, односно да обезбедат јавна услуга во надлежност на јавен орган. Договорни органи се јавните власти, како државни институции, региони, општини и секторски договорни органи кои работат на водоснабдување, снабдување со енергија, транспорт, поштенски услуги итн. | Негативна |
| 6. Право на трговски друштва | Правото на трговски друштва се однесува на основањето и работењето на трговските друштва во ЗЧ на ЕУ. Тоа е составено од два дела: право на трговски друштва во потесна смисла и сметководство и ревизија. Правото на трговски друштва во потесна смисла се однесува на прописите за основање, регистрација, домашни и прекугранични спојувања и поделба на акционерски друштва. Во однос на сметководство и ревизија, законодавството на ЕУ го опфаќа воспоставувањето на систем за контрола на квалитет на ревизорската професија, како и систем за објавување на годишни финансиски извештаи. | Негативна |

| | | |
|---|---|---|
| **7. Право на интелектуална сопственост** | Законодавството на ЕУ во областа на правото на интелектуална сопственост ги опфаќа авторското право и сродните права, правата од индустриска сопственост и одредбите за нивно спроведување. Авторското право и сродните права ги заштитуваат делата од литературата, науката и уметноста, додека индустриската сопственост значи права на патент, трговска марка, индустриски дизајн, ознаки на географско потекло и географски ознаки и топографии на полупроводници. | **Неутрална до позитивна** |
| **8. Политика на конкуренција** | Политиката на конкуренција е основата врз која се формира и почива пазарната економија на една земја. Со придржувањето до политиката на конкуренција, учесниците имаат можност да работат на исто ниво на пазарот, така што единствената мерка за нивниот успех е квалитетот. Поделена е на два дела: политика на конкуренција и државна помош. Во делот на заштита на конкуренцијата може да се издвојат три сегменти: концентрирање, рестриктивни договори (картелни договори) и доминантна позиција на пазарот односно злоупотреба на доминантната позиција. Политиката за државна помош гарантира дека интервенциите од националните влади не ја нарушуваат конкуренцијата на пазарот. Во оваа смисла, државната помош се дефинира како предност во која било форма доделена од националните влади на селективна основа на која било компанија или претприемач. | **Негативна** |
| **9. Финансиски услуги** | Ова поглавје содржи прописи од областа на банкарството, осигурувањето, инфраструктурата, финансиските пазари, пазарите на хартии од вредност и инвестициските услуги. Во него се предвидени правила за работење и надзор на работењето на финансиските институции и регулираните пазари. Регулирани се и прашањата поврзани со заштитата на потрошувачите на финансиски услуги. | **Неутрална** |
| **10. Информатичко општество и медиуми** | Поглавјето 10 придонесува кон развојот на услугите на информатичкото општество, воспоставува предуслови за намалување на дигиталниот јаз, овозможува ефикасно функционирање на пазарот во согласност со технолошкиот напредок, обезбедува широкопојасен пристап, пристап до електронски услуги (е-влада, е-здравство, е-потпис, е-трговија...) и стандарди за безбедност на информациите. Целта е да се обезбедат услуги (телефон, пристап до интернет итн.) по поволни услови за корисниците, да се стимулира пазарот и да се намали монополот што сè уште постои за некои услуги. Со развојот и достапноста на интернетот, покрај традиционалните медиуми, се забележува тренд на производство и обезбедување на аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) онлајн и воспоставување на нови дигитални и електронски публикации и платформи. Според тоа, поглавјето 10 ги опфаќа правилата и стандардите поврзани со АВМУ, заедничките вредности, културната разновидност, медиумската писменост, плурализмот, заштитата на ранливите категории од несоодветни содржини, како и стандардите за слободни, објективни и професионални електронски медиуми. | **Негативна** |
| **11. Земјоделство и рурален развој** | Главните цели се: да се обезбеди стабилна понуда на квалитетна, безбедна храна за населението по пристапни цени и соодветен приход за земјоделците, со што ќе се поттикне модернизацијата и развојот на земјоделското производство; да се поддржат земјоделските стопанства и да се обезбеди стабилност на пазарот со еднакви услови за пласман на земјоделските производи на пазарот на ЕУ;  да се подобри квалитетот на животот во руралните средини, како економски, така и социјално; да се поддржи органското производство и политиката за квалитет. | **Неутрална до позитивна** |

| | | |
|---|---|---|
| **12. Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика** | Високо ниво на заштита на човечкиот живот и здравје е една од главните цели на политиките на ЕУ. Истовремено, неопходно е да се обезбеди ефикасно функционирање на внатрешниот пазар на ЕУ, што е можно само ако стандардите за безбедност и производство на храна доследно се применуваат низ ЕУ, за да се постигне високо ниво на јавно здравје, здравје на животните, благосостојба на животните и здравје на растенијата, сѐ со цел да се обезбедат најквалитетни производи за граѓаните. Овие цели се постигнуваат преку употреба на мерки за целиот синџир на производство, од преработка и дистрибуција на храна до потрошувачите под соодветен надзор од надлежните органи во текот на целиот процес. | **Неутрална до негативна** |
| **13. Рибарство** | Ова поглавје утврдува правила за зачувување на водните живи ресурси, ограничување на еколошкото влијание на рибарството, услови за пристап до вода и ресурси, управување со капацитетот на флотата, контрола на риболовните активности, мониторинг, спроведување и меѓународна соработка во рибарството. Неговата цел е да обезбеди, на европско ниво, долгорочно одржливо користење на живите ресурси на морето, но исто така ја зема предвид растечката потреба на пазарот за здрави морски производи. | **Неутрална до негативна** |
| **14. Транспортна политика** | Целта на ова поглавје е да одговори на растечката мобилност на граѓаните, стоките и услугите во рамките на ЕУ. Законодавството на ЕУ во оваа област создава услови за безбедност, сигурен и ефикасен транспорт, подобрен квалитет на транспортните услуги, подобрување на постојната и изградба на нова транспортна инфраструктура, стандарди за намалување на влијанието од транспортот врз животната средина, како и поефикасна заштита на правата на патниците и спроведување на социјалното законодавство. | **И позитивни и негативни аспекти** |
| **15. Енергетика** | Ова поглавје уредува 5 области: намалување на емисиите на јаглерод, енергетска ефикасност, енергетска безбедност, внатрешен пазар и конкуренција, истражување и развој. Земјите од Западен Балкан работат на нивно усогласување преку членството во Енергетската заедница која опфаќа 10 специфични области: електрична енергија, гас, обновливи извори на енергија, инфраструктура, животна средина, клима, статистика и конкуренција. Областа на енергетиката е од особен интерес во контекст на војната во Украина и севкупното економско влијание на енергетската политика. | **И позитивни и негативни аспекти** |
| **16. Оданочување** | Во рамките на ЕУ, нема обврска за усогласување на сите видови даноци, а даночното усогласување се постигнува само преку координација на даночните системи на земјите членки на ЕУ, со цел избегнување на националните даночни мерки кои би можеле негативно да влијаат на функционирањето на внатрешниот пазар на ЕУ. Секоја земја членка има право да го задржи сопствениот даночен систем, па дури и да воведе нови форми на оданочување, со обврска да усогласи некои од деловите (даночна стапка, основа итн.) со европските регулативи. | **Неутрална до негативна** |
| **17. Економска и монетарна политика** | Заокружувањето на Економската и монетарна унија и воведувањето на ЕУ е еден од приоритетите на ЕУ. Тоа треба да се направи преку координирање на економските политики на ЗЧ, дефинирање и спроведување правила за финансиска дисциплина (буџетски дефицит и државен/јавен долг), ограничување на инфлацијата, стабилизирање на долгорочните каматни стапки и одржување на независноста на централните банки. | **Негативна** |

| | | |
|---|---|---|
| **18. Статистика** | Поглавјето 18 го опфаќа усогласувањето на законодавството со акито во областа на официјалната статистика, со цел да се постигне подобар квалитет, достапност и кредибилитет на статистиката, како основа за креирање на јавните политики и подинамичен социјален и економски развој. Ова поглавје покрива пет клучни области: демографска и социјална статистика; макроекономска статистика, национални сметки и структурна деловна статистика; деловна статистика; статистика за земјоделство, шумарство, рибарство, животна средина, регистри и класификации и координација на официјалниот статистички систем. | / |
| **19. Социјална политика и вработување** | Законодавството на ЕУ во областа на социјалната политика и вработувањето содржи стандарди во областа на трудовото право; здравје и безбедноста при работа; еднаквост на жените и мажите во вработувањето и социјалната сигурност; социјален дијалог и антидискриминација врз основа на пол, расно или етничко потекло, религија или верување, попреченост, возраст или сексуална ориентација. Најважните се: единствен и правичен пристап до основните социјални услуги, подобрување на системот на социјална заштита, висока стапка на вработеност, добри работни услови, висока продуктивност и социјална кохезија, со посебна грижа за оние кои се помалку присутни на пазарот на трудот. | **Негативна** |
| **20. Претпријатија и индустриска политика** | Главната цел на индустриската политика на ЕУ е промовирање на индустриски стратегии за зголемување на конкурентноста, забрзување на адаптацијата кон структурни промени и поттикнување поволно деловно опкружување низ ЕУ. Исто така, целта е да се зголемат националните и странските инвестиции и да се подобри деловното опкружување за малите и средните претпријатија, а со тоа да се поттикне претприемништвото и иновациите. | / |
| **21. Трансевропски мрежи** | Целта на воспоставувањето и развојот на трансевропските мрежи и унапредувањето на соодветната поврзаност и интероперабилност на националните мрежи е целосно искористување на внатрешниот пазар и придонес кон економскиот раст и создавање работни места во ЕУ. Без модерна инфраструктура која би поврзувала различни регионални и национални мрежи, не е можно да се воспостави слободен проток на стоки, услуги, капитал и работници, што е важен елемент за постигнување економска и социјална кохезија. Законодавството на ЕУ во ова поглавје се состои од 2 комплементарни под-области: Трансевропската транспортна мрежа, чија цел да ги поврзе големите градови, економските центри, пристаништата и аеродромите со поодалечените области, како во националните држави, така и низ ЕУ и Трансевропската енергетска мрежа, како мрежа на енергетски системи низ ЕУ чија цел е обезбедување на сигурно снабдување со енергија и проширување на енергетскиот пазар. | Позитивна |
| **22. Регионална политика и координација на структурни инструменти** | Регионалната политика на ЕУ опфаќа финансиска поддршка на земјите и регионите за нивна имплементација на проекти чија цел е зајакнување на економската, социјалната и територијалната кохезија, со посебен акцент на: (1) зголемување на економската и социјалната кохезија преку намалување на разликите помеѓу регионите на ЕУ; (2) зголемување на регионалната конкурентност со цел да се постигне глобална конкурентност на Унијата; и (3) европска територијална соработка насочена кон унапредување на соработката помеѓу европските региони. | **Неутрална до негативна** |

| | | |
|---|---|---|
| **23. Правосудство и фундаментални права** | Поглавјето 23 е поделено на четири главни и меѓусебно поврзани области: правосудство, борба против корупцијата, фундаментални права и права на граѓаните на ЕУ. Политиките на ЕУ во областа на правосудството и фундаменталните права имаат за цел одржување и понатамошен развој на Унијата како простор на слобода, безбедност и правда. Воспоставувањето на независно и ефикасно судство е од огромно значење. Непристрасноста, интегритетот и високите стандарди на судските пресуди се од суштинско значење за заштита на владеењето на правото, и бараат силна посветеност за неутрализирање на надворешните влијанија врз судството.<br><br>ЗЧ на ЕУ, исто така, мора ефикасно да се борат против корупцијата која ја загрозува стабилноста на демократските институции и владеењето на правото. Потребна е силна правна рамка и кредибилни институции за поддршка на кохерентната политика на спречување и одвраќање од корупцијата. Тие, исто така, мора да обезбедат почитување на фундаменталните права и правата на граѓаните на ЕУ, како што е загарантирано со законодавството на ЕУ, како и Повелбата за основните права на Европската унија. | **Negative** |
| **24. Правда, слобода и безбедност** | Целта на сите активности во поглавје 24 е да се овозможи слободно движење на луѓето,  а истовремено да се гарантира нивната безбедност. Ваквата широка рамка содржи широк спектар на теми – почнувајќи од управувањето со надворешните граници на ЕУ (Шенген), преку судската соработка во граѓанската и кривичната материја, до борбата против организираниот криминал и тероризмот, полициската соработка, визите, миграциите и азил. | **Негативна** |
| **25. Наука и истражување** | Целта на овие политики е да се создаде европска истражувачка област каде што научниците ќе можат слободно да се движат, да истражуваат и да бидат иновативни, со што ќе придонесат за зајакнување на европската конкурентност и технолошки развој. 6-те цели вклучуваат: поефикасни национални истражувачки системи, транснационална соработка за справување со „големите предизвици“, отворен пазар на трудот за научниците, родова интеграција, оптимално ширење, пренос и пристап до научни сознанија и меѓународна соработка. | **Неутрална до позитивна** |
